|---|---|---|---|---|
| 1 | Основен буџет | 138.562.580 | 161.806.601 | 117.46 |
| | Буџет на самофин. активности | 9.988.000 | 5.253.422 | 52,60 |
| 3 | Буџет на донации | 26.589.506 | 17.183.249 | 64,62 |
| 4 | Буџет на дотации | 211.535.252 | 200.057.173 | 94,57 |
| | **Вкупно:** | **397.825.338** | **384.300.445** | **96.60** |

Во Основниот буџет на Општината Ресен планираните приходи беа реализирани во износ од 161.806.601,оо денари**.**

| Група | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 | % |
|---|---|---|---|---|
| 71 | Даночни приходи | 63.589.646 | 100.603.948 | 158,21 |
| 72 | Неданочни приходи | 2.379.957 | 2.514.479 | 105,62 |
| 73 | Капитални приходи | 5.210.000 | 4.752.082 | 91,21 |
| 74 | Трансфери и донации | 67.382.977 | 53.936.092 | 80,04 |
| | **Вкупно:** | **138.562.580** | **161.806.601** | **116.77** |

### 2.2.1.1. Даночни приходи

Даночните приходи се наплатени во износ од 100.603.948,оо денари, што во остварените вкупни буџетски приходи во основниот буџет учествуваат со 61,82%.

По видови даночните приходи реализирани се како што следува:

| С0тавка | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 | % |
|---|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход од добивка (персонален) и капитални добивки | 5.000.000 | 6.106.827 | 122,14 |
| 713 | Даноци на имот | 27.279.646 | 32.024.923 | 117,39 |
| 717 | Даноци од специфични услуги | 31.010.000 | 62.405.699 | 201,24 |
| 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 300.000 | 66.499 | 22,17 |
| | **Вкупно:** | **63.589.646** | **100.603.948** | **158,21** |

**Приходите по основ на данок од доход, добивка и капитални добивки се:**

- Персонален данок од доход на лични примања од плати на физички лица исплатени во општината во која се пријавени со постојано место на живеалиште и престојувалиште во висина од 3% од наплатениот данок, и
- Перснален данок на доход од физички лица кои се занимават со занаетчиска дејност, во висина од 100% од наплатениот данок.

По овој основ наплатени се 6.106.827,оо денари или 122,14% од планираните за истата година.

**Приходите од данок на имот ги опфаќаат приходите од:**

- данок на имот,
- данок на наследсво и подарок и
- данок на промет на недвижности и права.

Во 2023 година по основ на данок на имот се наплатени 32.024.923,оо денари.

**Приходите од данок од специфични услуги** ги опфаќаат локалните комунални такси и надоместоци кои ги наплаќаат општинските органи од извршување на своите надлежности, и тоа:

- комунална такса за истакнување на фирма односно назив на деловна просторија,
- комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување,
- комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност,
- комунална такса за користење на музика во јавните локали,
- надоместок за уредување на градежно земјиште,
- надоместок за комунална дејност и др.

По основ на данок од специфични услуги во 2023 година се наплатени 62.405.699,оо денари.

**Приходите од такси за користење или дозволи за вршење на дејност ги опфаќаат:**

- Надоместок за Б-интегрирана еколошка дозвола
- Надоместок за управување со отпад на општината,

По овој основ наплатени се 66.499,оо денари.

### 2.2.1.2. Неданочни приходи

Во 2023 година од планираните 2.379.957,оо денари неданочни приходи наплатени се 2.514.479,оо денари, што претставуваат 105,62% од планираните со Буџетот на Општината за 2023 година, по одделни видови, како што следува:

| Ставка | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 | % |
|---|---|---|---|---|
| 722 | Глоби, судски и адми такси | 1.410.000 | 1.669.028 | 118,37 |
| 723 | Такси и надоместоци | 169.957 | 162.950 | 95,88 |
| 724 | Други владини услуги | 100.000 | / | / |
| 725 | Други неданочни приходи | 800.000 | 682.501 | 85,31 |
| | **Вкупно:** | **2.379.957** | **2.514.479** | **105,62** |

### 2.2.1.3. Капитални приходи

Во 2023 година во основниот Буџет на Општина Ресен од планираните 5.210.000,оо денари остварени се 4.752.082,оо денари односно 91,21 % по основ:

-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања (приходи од промет на недвижности во Републиката, надоместок за стекнување на права за користење на градежно земјиште, приходи од концесии и сл.). Согласно член 14 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.82/08 и 143/2008) општините добиваат капитални приходи на еден дел од приходите од отуѓувањето и од закупнината од градежното земјиште сопственост на Република Македонија (80% на сметката на општината и 20% на сметката на Буџет на Република Македонија). Најголем износ од капитални приходи се од приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија во износ од 1.648,480денари.

### 2.2.1.4. Трансфери и донации

Во остварените приходи од трансфери и донации, во вкупен износ од 54.879.092,оо денари, се евидентирани остварените приходи од Основниот буџет на Општина Ресен, од трансфери од Буџетот на Република Македонија по основ на ДДВ (данок на додадена вредност) во износ од 49.113.707,оо денари, трансфери од Буџетот на РМ 678.500,оо денари и трансфери од Буџетот на фондови во износ од 5.086.855,оо.

| Ставка | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 | % |
|---|---|---|---|---|
| 741 | Трансфери од други нивоа на | 67.382.977 | 53.936.092 | 80,04 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | власт | | | |
| | **Вкупно:** | **67.382.977** | **53.936.092** | **80,04** |

### 2.2.1.5. Буџет на дотации

Во **Буџетот на дотации** на Општина Ресен од планираните приходи во износ од 211.535.252,оо денари се реализирани 200.057.173,оо денари или 94,57%, што се гледа и од следниот табеларен преглед:

| Група | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 | % |
|---|---|---|---|---|
| 741 | Трансфери од др. нивоа на власт | 211.535.252 | 200.057.173 | 94,57 |
| | **Вкупно:** | **211.535.252** | 200.057.173 | **94,57** |

Трансферите односно одобрените средства во буџетот на дотации се однесуваат на :

- -Наменска дотација на општината за активности од пожарникарството во износ од 6.875.914,оо денари
- - Блок дотации на општината по одделни намени во износ од 192.222.438,оо денари.
- И 958.821,00 денари како пренесен вишок од предходна година

### 2.2.1.6. Буџет на самофинасирачки активности

Во **Буџетот на самофинансирачки активности** на Општина Ресен, на 31.12.2023 година, од планираните приходи во износ од 9.988.000,оо денари се реализирани 5.253.422.оо денари или 52,60 %.

Во буџетот на самофинансирачки активности се опфатени сопствените

приходи на единките корисници на Општинскиот буџет од областа на образованието, културата и детската заштита,

- Предприемнички приход и приход од имот – 1.490,оо денари
- Такси и надоместоци – 4.301.276,оо денари
- Други недночни приходи – 85.800,оо денари.
- Пренесен вишок – 864.856,оо денари

### 2.2.1.7. Буџет на донации

Во Буџетот на **донации** се евидентирани планирани приходи од донации во износ од 26.589.506,оо денари и се реализирани во вкупен износ од 17.183.249,оо денари, односно 64,62% од којшто 935.774,оо денари Трансфери од Буџетот на РМ, 15.086,878,00 денари се реализирани приходи од донации од странство од (обединети нации, ЕУ, Европски држави и други општи и тековни донации) и 1.160.597,оо тековни донации.

## 2.3. Расходи на Општината

**Вкупните расходи на вкупниот Буџет на општина Ресен во 2023 година** се реализирани во износ од 358.995.159,оо денари што претставува 90,24% во однос на планираните расходи во износ од 397.825.338,оо денари.

Вкупните расходи на Основниот буџет на Општина Ресен се реализирани во износ од 136.501.315,оо денари. Расходите во Буџетот на дотации се реализирани во износ од 200.057.173,оо денари, од Буџетот на самофинансирачки активности се реализирани 5.253.422,оо денари, Буџетот на донации 17.183.249оо денари, или

| Ред. Бр. | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 | % 2023 | % 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Основен буџет | 138.562.580 | 136.501.315 | **98,51** | **86,24** |
| 2. | Буџет на дотации | 211.535.525 | 200.057.173 | **94,57** | **93,96** |
| 3. | Буџет на самофинан.активн. | 9.988.000 | 5.253.422 | **52,60** | **40,78** |
| 4. | Буџет на донации | 26.589.506 | 17.183.249 | **64,62** | **44,91** |
| | **Вкупно:** | **397.825.338** | **358.995.159** | **90,24** | **77,11** |

### 2.3.1. Основен Буџет

Во **Основниот Буџет** на Општина Ресен се реализирани 136.501.315,оо денари од планираните 138.562.580,оо денари, односно 98,51%, а во табелата подолу се искажани по видови на расходи:

| Група | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 | 2023 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати. наемнини и надоместоци | 53.202.140 | 52.251.657 | 98,21 | 93,46 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 1.000.000 | 990.175 | 99,02 | 40,00 |
| 42 | Стоки и услуги | 28.084.677 | 27.721.615 | 98,71 | 82,06 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 20.340.000 | 20.116.934 | 98,90 | 96,04 |
| 47 | Социјални бенефиции | 760.000 | 655.304 | 86,22 | 85,70 |
| 48 | Капитални расходи | 31.433.346 | 31.032.681 | 98,73 | 75,85 |
| 49 | Отплата на главница | 3.742.417 | 3.732.949 | 99,75 | / |
| | **Вкупно:** | **138.562.580** | **136.501.315** | **98,51** | **86,24** |

#### 2.3.1.1. Плати, наемнини и надоместоци

Плати, наемнини и надоместоци во Основниот Буџет ги сочинуваат расходите за основни плати на Градоначалникот и општинската администрација со придонеси од работен однос и надоместоците на

советниците. Истите се реализирани во вкупен износ од 52.251.657,оо денари, во следните износи:

| Ред. Бр. | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 |
|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 35.133.895 | 34.795.657 |
| 402 | Придонеси од плата и персонален | 14.140.245 | 13.635.793 |
| 404 | Надоместоци | 3.928.000 | 3.820.672 |
| | **Вкупно:** | **53.202.140** | **52.251.657** |

Неисплатената плата за месец Декември 2023 година се пренесува како обврска за исплата во 2024 година.

### 2.3.1.2. Стоки и услуги

Реализираните расходи во Основниот Буџет на општината за стоки и услуги се во износ од 27.721.615,оо денари, или 98,71% од планираните, прикажани во следнава табела

| Опис | Буџет 2023 | Рализирано 2023 | 2023% | 2022% |
|---|---|---|---|---|
| Патни и дневни трошоци | 905.000 | 879.746 | 97,21 | 54,58 |
| Комунални услуги | 9.700.000 | 9.689.071 | 99,89 | 91,57 |
| Материјали и ситен инвентар | 1.474.986 | 1.469.986 | 99,66 | 46,18 |
| Поправка и тековно оддржување | 3.395.651 | 3.347.480 | 98,58 | 52,53 |
| Договорни услуги | 2.940.000 | 2.904.445 | 98,76 | 61,23 |
| Други тековни расходи | 7.349.040 | 7.200.678 | 97,98 | 83.43 |
| Привремени вработувања | 2.320.000 | 2.230.209 | 96,13 | 99.99 |
| **Вкупно** | **28.084.677** | **27.721.615** | **98,71** | **82,06** |

### 2.3.1.3. Субвенции и трансфери

Во категоријата субвенции и трансфери од Основниот Буџет на Општина Ресен потрошени се 20.116.934,оо денари, или 98,90% од планираното, евидентирани на ставките:

| Ставка | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 |
|---|---|---|---|
| 461 | | / | / |
| 463 | Трансвери до невладини организации | 980.000 | 893.000 |
| 464 | Разни трансфери | 19.360.000 | 19.223.934 |
| | **Вкупно:** | **20.340.000** | **20.116.934** |

### 2.3.1.4 Социјални бенефиции

Во оваа категорија на расходи во Основниот Буџет се исплатите за социјални надоместоци вкупен износ од 655.304,оо денари, од вкупно планираните 760.000,оо денари, односно 86,22 %.

### 2.3.1.5 Капитални расходи

Во Капиталните расходи на Основниот Буџет на Општина Ресен во 2023 година се реализирани средства во вкупен износ од 31.032.681,оо денари од вкупно планираните 31.433.346,оо денари, односно 98,73%. и тоа: 1.097.416,оо денари за купување на опрема, други градежни објекти во износ од 28.840.385,оо денари.

### 2.3.2. Буџет на дотаци

Во Буџетот на дотации на Општина Ресен се евидентирани планираните и реализирани дотации за плати и материјални трошоци на единките корисници на општинскиот буџет од областа на образованието, културата и детската заштита и ТППЕ-Ресен. Од планираните 211.535.252,оо денари, реализирани се 200.057.173,оо денари или 94,57%, Расходите за плати и надоместоци зафаќаат повеќе 85,61% од вкупните расходи, што се гледа и од следниот табеларен приказ:

| Група | Опис | Буџет 2023 | Реализирано2023 | 2023 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 174.155.216 | 171.263.828 | 98,34 | 95.82 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | / | / | | / |
| 42 | Стоки и услуги | 33.752.306 | 26.301.474 | 77,92 | 85,62 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 1.933.090 | 1.868.121 | 96,64 | 95,82 |
| 47 | Социјални бенефиции | / | / | | / |
| 48 | Капитални расходи | 1.694.640 | 603.750 | 35,63 | 80.35 |
| | **Вкупно:** | **211.535.252** | **200.057.173** | **94,57** | **93,96** |

### 2.3.3. Буџет за самофинасирачка сметка

Во Буџетот на самофинансирачки активности на единките корисници на Општина Ресен се застапени расходите за материјални трошоци и капиталните расходи. Остварени се 5.253.422,оо денари од планираните 9.988.000,оо денари, или 52,60%, а по видови на расходи:

| Група | Опис | Буџет 2023 | Реализирано 2023 | 2023 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|
| 42 | Стоки и услуги | 8.233.000 | 3.868.756 | 46,99 | 32,22 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 130.000 | 4.668 | 3,59 | 42,86 |
| 48 | Капитални расходи | 1.625.000 | 1.379.998 | 84,92 | 9,25 |
| | **Вкупно:** | **9.988.000** | **5.253.422** | **52,60** | **40,78** |

### 2.3.4 Буџет на донации

Во Буџетот на донации реализирани се средства во износ од 17.183.249,оо денари,а беа планирани средства во вкупен износ од 26.589.506,оо денари, или 64,62%.

| Група | Опис | Буџет 2023 | Реализирано2023 | 2023 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|
| 42 | Стоки и услуги | 9.414.210 | 6.174.437 | 65,59 | 32,60 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 542.000 | 535.322 | 98,77 | 42,62 |
| 48 | Капитални расходи | 16.633.296 | 10.473.490 | 62,97 | 26,04 |
| | **Вкупно:** | **26.589.506** | **17.183.249** | **64,62** | **44,91** |

**РЕКАПИТУЛАР**

на реализација на приходи и расходи на Буџетот на Општина Ресен во период од 2009 до 2023 година

| | **Основен буџет** | | **Вкупен буџет** | |
|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Приходи** | **расходи** | **Приходи** | **расходи** |
| 2009 | 49,722,375 | 49.643.402 | 171.769.794 | 166.664.402 |
| 2010 | 42,919,750 | 42.739.470 | 168.097.045 | 164.794.159 |
| 2011 | 47,.026.053 | 46.348.743 | 170.725.239 | 167.691.269 |
| 2012 | 57.782.951 | 55.277.520 | 183.111.781 | 179.733.239 |
| 2013 | 87.089.610 | 84.341.802 | 218.076.316 | 211.672.007 |
| 2014 | 109.188.618 | 106.446.978 | 240.428.648 | 230.882.654 |
| 2015 | 96.855.000 | 96.855.000 | 228.837.491 | 228.837.491 |
| 2016 | 101.478.407 | 101.478.447 | 241.808.862 | 232.306.005 |
| 2017 | 106.043.875 | 103.039.482 | 250.840.660 | 244.694.761 |
| 2018 | 81.845.406 | 82.108.825 | 223.128.567 | 226.518.428 |
| 2019 | 146.453.840 | 146.453.840 | 308.409.541 | 303.538.519 |
| 2020 | 84.949.873 | 84.385.472 | 264.458.662 | 254.540.977 |
| 2021 | 93.218.969 | 93.218.969 | 262.188.370 | 261.725.918 |
| 2022 | 108.521.485 | 106.631.842 | 298.452.242 | 296.405.104 |
| 2023 | 162.749.601 | 136.501.315 | 385.243.445 | 358.995.159 |

## 2.5. БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА

### 2.5.1. Актива

Активата на Буџетот на Општина Ресен на ден 31.12.2023 год. изнесува 50.433.354,оо денари, која е поголема од активата од 31.12.2022 година за 23.650.161,оо денари

Активата на Буџетот на Општина Ресен се состои од:

| к-то | О п и с | 31.12.2022 | 31.12.2023 |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 100 | Сметка | 2.306.878 | 26.729.979 |
| 120 | Побарув.од корисници на буџет | 106.250 | 106.250 |
| 122 | Побарув. од граѓани | 18.142.824 | 17.899.132 |
| 128 | Други побарувања | 6.227.241 | 5.697.993 |
| | **Вкупно:** | **26.783.193** | **50.433.354** |

На 31.12.2023 година состојбата на жиро сметката на Буџетот на Општината Ресен изнесува 26.729.979,оо денари и се пренесува како почетно салдо за наредната година.

Салдата на побарувањата (по основ на данок на имот, комуналана такса за фирмарина, придонес за уредување на градежно земјиште и други побарувања) на 31.12.2023 година достигнаа износ од 50.433.354,оо денари .

Големиот износ на побарувања треба да значи дека општинската администрација траба да ги искористи сите законски механизми кои и стојат на располагање како би извршила што поголема наплата на горенаведените побарувања. Додека пак тие побарувања кои не можат да се наплатат, на истите да се изврши отпис како би се добил реална слика на побарувањата кои ги има општината.

Пасивата на Буџетот на Општина Ресен на ден 31.12.2023 година е избалансирана со Активата и изнесува 50.433.354,оо денари.

Пасивата на Буџетот на Општина Ресен ја сочинуваат:

| к-то | О п и с | 31.12.2022 | 31.12.2023 |
|---|---|---|---|
| 296 | Дел од вишок на прих. пренес.во наред.год. | 2.306.878 | 26.729.979 |
| 298 | Други ПВР | 24.476.315 | 23.703.375 |
| | **Вкупно:** | **26.783.193** | **50.433.354** |

Другите ПВР се еднакви на побарувањата по конта од активата на Буџетот на општина Ресен.

Билансот на состојба претставува извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност.

Активата од Билансот на состојба на Органот на Општина Ресен ја искажува имовината на Општината Ресен, а пасивата изворите на средствата. Постои избалансираност на активата и пасивата кои ја сочинуваат:

## 2.5.2. Актива

Вкупната актива на ден 31.12.2023 година на Органот на Општина Ресен изнесува 320.720.267,оо денари и е помала од активата од 31.12.2022 год. за 27.515.859,оо денари.

Вкупната актива на Органот на Општина Ресен се состои од:

| Бр. | О п и с | 31.12.2022 | 31.12.2023 |
|---|---|---|---|
| 1 | Материјални средства | 227.741.624 | 225.389.156 |
| 2 | Инвестиции во тек | 60.208.929 | 60.208.929 |
| 3 | Парични средства и побарувања | 58.882.000 | 33.718.610 |
| 4 | Материјали на залиха | 51,073 | 51.073 |
| 5 | Материјални добра | 1.352.500 | 1.352.073 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **348.236.126** | **320.720.267** |

**Материјалните средства** ги сочинуваат градежните објекти, опремата и другите материјални средства во следните износи:

| Р.бр. | О п и с | Набавна вредност | Исправка | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Градежни објекти | 204.740.429 | 28.398.757 | 176.341.672 |
| 2. | Опрема | 64.943.450 | 57.691.900 | 7.251.550 |
| 3. | Др.материјални с-ва | 42.853.080 | 1.057.146 | 41.795.934 |
| | **Вкупно:** | **312.536.959** | **87.147.803** | **225.389.156** |

Во градежните објекти се евидентирани:

| **Р.бр.** | **О п и с** | **Сегашна вредност** |
|---|---|---|
| 1. | Спортска сала | 25.112.732 |
| 2. | Админ. општинска зграда | 29.607.260 |
| 3. | Младин.култ.центар(кино) | 9.205.250 |
| 4. | Спортско рекреативен центар | 14.317.512 |
| 5. | Зграда на ТППЕ | 11.398.823 |
| 6. | Зграда на СОУ Цар Самоил ( гимназија) | 41.393.767 |
| 7. | Капела градски гробишта | 8.010.479 |
| 8. | Зграда деловен објект Љубојно | 6.982.149 |
| 9. | Спортско рекреативен центар(целосно) | 3.671.035 |
| 10. | Еден единечен тениски терен | 5.557.098 |
| 11. | Канализација Д.Б.Црква | 9.538.375 |
| 12. | Мониторинг станица Стење | 4.929.448 |
| 13. | Монтажно пристаниште | 2.205.507 |
| 14. | Монтажно пристаниште | 2.205.507 |
| 15. | Парк на природата Езерани | 2.206.730 |
| | **Вкупно**: | **176.641.672** |

**Опремата** ја сочинуваат канцелариската опрема (бироа, маси, столици, плакари), компјутери, телефонска централа, клима уреди, факс, фотокопирни апарати и др. Како и возилата:

| **р.бр.** | **О п и с** | **Сегашна вредност** |
|---|---|---|
| 1. | Лада Нива | 0 |
| 2. | Фап 1414 | 0 |
| 3. | Фап 1314 | 0 |
| 4. | ПП возило ДОЏ Рено | 0 |
| 5. | Теренско возило УАЗ | 0 |
| 6. | ПП возило Волво 516 | 0 |
| 7. | Возило Тојота | 187.300 |
| 8. | Автобус ЈОТОНГ | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Шкода Октавија | 0 |
| 13. | Мерцедес 220 ЦДИ | 0 |
| 14. | Шкода Сеперб | 20.234 |
| 15. | Џип подарок УНДП | 0 |
| 16. | Мерцедес возило ВИТО 910 | 0 |
| 17. | Теренско возило САН-ЈОНГ | 0 |
| 18. | Мониторинг брод | 716.265 |
| 19. | Исузу товарно возило | 503.277 |
| 20. | Мерцедес бенз донација | 93.470 |
| 21. | Сеат Ибица | 375.893 |
| 22. | Пежо 206 | 59.500 |
| 23. | Полиестер чамецТ.4.8 тилер Лине | 160.450 |
| 24. | Вонбротски мотор Селва Марине 20л | 121.658 |
| 25. | Приколка за чамец Фаро Поланд ФА 50 | 32.804 |
| 26. | Трактор Солис 75 УНДП | 683.060 |
| 27. | Тракторска приколка | 119.583 |
| 28. | Утоварач за трактор Солис УНДП | 195.863 |
| 29. | Силажер едноредeн УНДП | 150.675 |
| 30. | Мулчер со кардан Ф160 УНДП | 105.473 |
| 31. | Рамнач 2,2 м УНДП | 20.090 |
| 32. | Пежо 2008 електрично | 1.951.721 |
| 33. | Пежо Њу експерт травелер електрик | 2.993.426 |
| 34. | Нож за чистење снег | 0 |
| 35. | Рамнач вртлив | 51.428 |
| 36. | Мотор на четири тркала | 326.758 |
| 37. | ГИС Апарат Герман орегон | 48.748 |
| | **Вкупно:** | **8.686.928** |

Од прегледот се гледа дека возниот парк на ТППЕ - Ресен е застерен и ја потенцираме потребата од негово обновување.

Централната пописна комисија врз основа на спроведениот попис за 2023 година дава предлози за справување со утврдените вишоци, кусоци, дава предлог за расходовање на стари и дотраени средства дава предлог за отпис на побарувања и обврски.

Согласно член 34 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ“ бр. 28/03....101/13) и одредбите од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/10,....,11/15), Советот на Општина Ресен доколку утврди потреба, треба да донесе Одлука за отпис и расходовање на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Ресен.

**Во други материјални средства** е евидентирана заштитната опрема на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ- Ресен).

Во 2023 година евидентирани се капитални расходи –Инвестиции во тек во износ од 60.208.929,оо денари, и истите се однесуваат на капитални инвестиции, дел со средства од Републичкиот буџет дел со донации и други извори кои се водат како завршени проекти но за истите не се извршени примо – предавања помеѓу Општина Ресен и инвеститорот.

После потпишувањето на Записникот за примо – предавање, истите ќе бидат евидентирани како материјални средства кои ќе ја зголемат имовината на општината.

### 2.5.3. Пасива

Како вкупната активата така и вкупната пасива на ден 31.12.2023 година на Органот на Општина Ресен изнесува 320.720.267,оо денари и истата е помала од пасивата од 31.12.2022 год. за 27.515.859,оо денари.

Вкупната пасива на ден 31.12.2023 година на Органот на Општина Ресен се состои од следните извори на средства:

| Р.бр. | О п и с | Износ во Денари |
|---|---|---|
| 1. | Обврски спрема добавувачи во земјата | 29.124.847 |
| 2. | Обврски спрема добавувачи граѓани | 442.503 |
| 3. | Обврски спрема работници | 467.480 |
| 4. | Обврски за плати спрема вработени | 3.571.416 |
| 5. | Други ПВР | 60.208.928 |
| 6. | Државен-јавен капитал | 208.350.403 |
| 7. | Ревалоризациона резерва | 18.441.994 |
| 8. | Обврски спрема држава /даноци и придонеси | 93.831 |
| 9. | Обврска за даноци од добивка | 1.968 |
| 10. | Примени аванси | 16.897 |
| | | |
| | **Вкупно** | **320.720.267** |

**Обврските по основ за плати спрема вработените** се однесува на платата за месец Декември 2022 година.

Треба да се нагласи и тоа дека покрај платата за вработените, од месец Декември 2023 година како обврска во месец Јануари 2024 година се пренесуваат и: платите за вработените преку Агенција за привремени вработувања, обврските за потрошена електрична енергија за месец Декември 2023 год., месечната рата кон ЕЛЕМ за месец Декември 2023 година, обврската за месечниот надоместок спрема приватниот партнер во Јавното приватно партнерство за месец Декамври 2023 година кои се евидентирани и ги зголемуваат обврските со 31.12.2023 година, се платени во текот на месец Јануари 2024 година.

**Обврските спрема добавувачи во земјата** ги опфаќаат неплатените обврски кон доверителите, а со цел за добивање на покомплетна слика во однос на обврските спрема добавувачите во земјата треба да се истакне и тоа дека во нив се содржани и утужените обврски од покренати судски постапки и присилни извшувања по кои Општина Ресен е блокирана за износ од 11.390.837,оо денари според К2 квартален извештај за кумулативен период 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Обврските спрема работници** отпаѓаат на обврски кон, дневници за службени патувања и неисплатен надоместок за советници за месец Декември 2023 година.

**Обврските кон граѓани** се однесува во најголем дел за експропријација на земјиште како и договори на дело.

**Обврските за даноци спрема државата** се однесуваат на обврски за персонален данок на доход (по договорите на дело, надоместокот за советници, еднократна парична помош и др.), неплатени даноци по основ на неисплатена плата за месец Декември 2023 година.

**Други ПВР** во износ од 60.208.929,оо денари се однесува на паралелно книжење во пасивата на искажаните во активата на билансот на состојба на инвестиции во тек.

**Државниот јавен капитал и Ревалоризационата резерва**, во вкупен износ од 208.290.330,оо денари, се однесува на паралелно книжење во пасивата на искажаните во активата на билансот на состојбата на материјалните средства и материјали на залиха.

**Примени аванси**, износот за примените аванси за 2023 година се искажани во вредност од 16.897,оо денари и истите се појавуваат како непотрошени средства на картичка на Градоначалник и непотрошени средства на картичка на возач на Градоначалник.

## 2.6. ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ОД РЕЗЕРВИТЕ

Согласно член 11 и 48 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05...192/15) и член 31 од Законот за финансирање на ЕЛС („Службен весник на РМ“ бр. 61/04...192/15), Градоначалникот му поднесува на Советот на Општина Ресен

**Годишен извештај за користење на резервите за 2023 година**

Во 2023 вкупните средства на резервите во Основниот буџет на општина Ресен се планирани од 1.000.000,оо денари од кои на подставка 412110- постојана резерва –непредвидливи расходи износ од 900.000,оо денари и износ од 100.000,оо денари на подставка 413110 тековни резерви – разновидни расходи.

Во текот на 2023 година од подставка 412110 Постојана резерва – непредвидливи расходи извршени се исплати во вкупен износ од 895.175,оо денари, додека од 413110, 95.000,оо денари. Средствата од резервите се наменети исклучиво за помош на граѓаните на општина Ресен кои се нашле во тешка финасиска или здравствена состојба.

## 2.7. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАМЕНСКИТЕ И БЛОК ДОТАЦИИ И ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ

### 2.7.1. НАМЕНСКИ И БЛОК ДОТАЦИИ

Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура и Министерството за внатрешни работи за надлежностите што се пренесуваат на локално ниво, согласно Законот за финансирање на ЕЛС, вршат идентификување на истите и

определуваат максимални утврдени износи на расходи за оваа намена во вид на наменски и блок дотации.

Трансферот на средства до општините се врши согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за локална самоуправа, во кои се утврдени начинот и постапката за фазно спроведување на процесот на фискална децентрализација, односно воспоставувањето на механизам за финансирање на општините, кој е транспарентен и заснован на објективни критериуми и мерила.

Согласно Уредбите за методологиите за распределба на наменските и за блок дотациите за основно образование, средно образование, културата, детската заштита и противпожарната заштита, во 2023 година беа трансферирани дотациите за:

| Р.бр | О п и с | Износ во Денари |
|---|---|---|
| 1. | ЈОУДГ 11 Септември | 20.947.183 |
| 2. | Основно образование | 131.162.909 |
| 3. | Средно образование | 37.449.109 |
| 4. | Дејност на ТППЕ | 6.875.914 |
| 5. | Дејности на културата | 3.622.058 |
| | **Вкупно:** | **200.057.173** |

Вкупно одобрените блок дотации во 2023 година, во однос на 2022 година се поголеми за 28.099.859,оо денари.

Наведените дотации се реализирани за следние намени:

| Група | Опис | Остварено 2023 |
|---|---|---|
| 40 | Плати, наемнини и надоместоци | 171.263.828 |
| 41 | Розерви и недефинирани расходи | / |
| 42 | Стоки и услуги | 26.301.474 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 1.888.121 |
| 48 | Капитални расходи | 603.750 |
| | **Вкупно:** | **200.057.173** |

## 2.8. ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОГРМИ

Во Вкупниот буџет на Општина Ресен за 202 година беа планирани капитални расходи во износ од 62.377.818,оо денари од кои се реализирани 43.489.919,оо денари во следниве програми:

| потпрограма | О п и с | планирно | реализирано |
|---|---|---|---|
| ДАО | Месна самоуправа | 60.000 | 35.005 |
| ЕАО | Капитални трошоци на општина | 250.000 | 247.746 |
| ФАО | Уредување на градежно земјишe | 2.524.483 | 2.440.701 |
| ФДО | Уредувања на простор во рурални подрачја-капитални расходи | 12.385.659 | 5.724.450 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ГДО | Проекти за енергетска ефикасност | 14.018.549 | 3.485.883 |
| ЈАО | Изградба на јавно осветлување | 7.005.000 | 7.004.480 |
| ЈДО | Изградба и реконструкција на локални улици и патшта | 10.624.780 | 10.567.137 |
| ЈФО | Изградба на сообраќајна сигнализаца | 250.000 | 219.844 |
| ЈГО | Изгарадба на системи за водоснабдување | 4.257.583 | 4.257.583 |
| ЈНО | Урбана опрема –капитални расходи | 850.000 | 849.670 |
| КАО | Културни манифестации | | |
| ЛАО | Спорт и рекреација- капитални тошоци | 1.200.000 | 1.187.712 |
| Н20 | Средно образование | 622.000 | 492.820 |
| РАО | Заштита на животна средина и природа | 6.878.654 | 5.485.960 |
| В10 | Детска градинка | 992.640 | 110.930 |
| ВАО | Капитални расходи детска градинка | 1.535.000 | 1.379.998 |
| ЊАО | Противпожарна заштита капитални | | |
| | **Вкупно:** | **62.377.818** | **43.489.919** |

Вкупните реализирани капитални расходи на вкупниот буџет на општина Ресен на ден 31.12.2023 година изнесуваат 43.489.919,оо денари. Истите ги сочинуваат капиталните расходи на основниот буџет во износ од 31.032.681,оо денари, Буџетот на сметката на донации во износ од 10.473.490,оо денари, Буџет на дотации 603.750,оо денари и Буџет на самофинансирачка сметка во износ од 1.379.998,оо денари.

Износот на капиталните расходи и нивното зголемување или намалување во однос на минатите години ги искажува инвестиционите активности на Општина Ресен и истото може да се види од следниве износи :

Во 2023 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 43.489.919,оо денари

Во 2022 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 29.828.191,оо денари

Во 2021 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 22.155.388,оо денари

Во 2020 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 21.319.123,оо денари

Во 2019 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 70.505.963,оо денари

Во 2018 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 19.459.687,оо денари

Во 2017 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 36.896.067,оо денари

Во 2016 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 29.644.691,оо денари

Во 2015 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 27.214.531,оо денари

Во 2014 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 38.177.893,оо денари

Во 2013 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 12.794.883,оо денари

Во 2012 година се реализирани капитални расходи во вкупен износ од 4.197.274,оо денари

## 2.9. ВКУПНА ИМОВИНА НА ОПШТИНА РЕСЕН БИЛАНС НА СОСТОЈБА ОД СИТЕ АКТИВНИ СМЕТКИ

Заради согледување на вкупната имовина на општина Ресен на ден 31.12.2023 година, сметаме за потребно да ја изнесеме и активата на сите активни сметки на Општина Ресен и тоа:

| **Сметка** | **О п и с** | **Износ во Денари** |
|---|---|---|
| 630-10 | Буџет на Општина Ресен | 26.729.979 |
| 930-12 | Сметка за наменски дотации | 8.323.782 |
| 789-Н6 | Решавање на проблемот со Преспанското езеро | 84.000.000 |
| 785-55 | Манифестација преспански јаболкобер | 83.762 |
| 785-60 | ОКР | 467.500 |
| 789-М1 | Изработка на техничка документација | 2.800 |
| 789-Ј8 | Подобрување на состојбата на Ромите | 8.949 |
| 785-02 | Помалку отпад 2 | 752.636 |
| 785-Ф5 | Споменик на природата | 3.044.509 |
| 789-П5 | Техничка документација за фекални одводни води | 90.000 |
| 789-ЉО | Техничка документација за речно корито во с.Ц. Двор | 678.500 |
| 789-26 | ЈП за државни патишта | 4.144.770 |
| 785-Х4 | Донација противпожарна | 170.611 |
| | **Вкупно:** | **128.497.798** |

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за отпис на основни средства

Се објавува Одлука за отпис на основни средства, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/3
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 25, член 34 и член 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (,,Службен весник на РМ’’ бр. 28/2003, 62/2006, 08/2009, 175/2011 и 101/2013 ) ) и член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен Гласник на Општина Ресен’’ бр. 7/2010,13/2013, 8/2015,11/2015 и 10/2021), во согласност со предлозите за отпис на основни средства на Комисијата за попис на постојани средства, содржани во Збирниот извештај за годишен попис за 2023 година бр.09-121/5 од 05.02.2024 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 13.03.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
за отпис на основни средства

Член 1

Со оваа одлука се врши отпис на основни средства, ставени надвор од употреба заради физичка дотраеност или техничка застареност и тоа:

| **Предлози за расход** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **преглед бр.3** |
| **ред. бр.** | **Предмет** | **ед мера** | **Количина** | **Забелешка** |
| 1 | Фото апарати | бр | 3 | |
| 2 | Принтери разни | бр | 14 | |
| 3 | Компјутери | бр | 18 | |
| 4 | Телефони | бр | 8 | |
| 5 | Батериска ламба | бр | 1 | |
| 6 | Камери - замки | бр | 2 | |
| 7 | Скенер | бр | 1 | |
| 8 | Лаптоп | бр | 2 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Упс | бр | 2 | |
| 10 | Елка | бр | 1 | |
| 11 | Маса - биро од совет | бр | 1 | |
| 12 | Машина за сметање | бр | 1 | |
| 13 | Проектор канон | бр | 1 | |
| 14 | Машина за пишување | бр | 1 | |
| 15 | Фрижидер | бр | 1 | |
| 16 | Светлечка реклама | бр | 1 | |
| 17 | Тв | бр | 1 | |
| 18 | Правосмукалка | бр | 1 | тппе |
| 19 | Компјутери | бр | 1 | тппе |
| 20 | Црева ф52 | бр | 10 | тппе |
| 21 | греалка | бр | 1 | тппе |
| 22 | клима уред (секретар) | бр | 1 | |

Член 2

Се задолжува Одделението за сметководство и плаќање при Секторот за финансиски прашања да спроведе соодветно книжење за отпис на наведените средства согласно сметководствените вредности на средствата.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/6
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за отпис на ненаплатени
и застарени побарувања

Се објавува Одлука за отпис на ненаплатени и застарени побарувања, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/4
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 34 и член 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (,,Службен весник на РМ’’ бр. 28/2003, 62/2006, 08/2009, 175/2011 и 101/2013) и член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 23 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен Гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021), во согласност со предлозите за отпис на Комисија за вршење на годишен попис на ненаплатени побарувања и неизмирени обврски, содржани во Збирниот извештај за годишен попис за 2023 година бр.09-121/5 од 05.02.2024 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 13.03.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за отпис на ненаплатени и застарени побарувања

Член 1

Со оваа одлука се врши отпис на ненаплатени и застарени побарувања од 2007-2011 година, врз основа на издадени фактури кои не се утужени во вкупен износ од 203.239,00 денари и тоа на следните фактури:

фактура бр. 1 од 31,12,2007 година на износ од 106,250 денари

фактура бр. 99 од 29,05,2007 година на износ од 15,375 денари

фактура бр. 250 од 31,12,2007 година на износ од 21,495 денари

фактура бр. 32 од 13,02,2008 година на износ од 6,130 денари

фактура бр. 46 од 28,03,2008 година на износ од 6,130 денари

фактура бр. 51 од 27,10,2028 година на износ од 3,065 денари

фактура бр. 53 од 31,12,2008 година на износ од 3,065 денари

дел од фактура бр. 3 од 08,05,2009 година на износ од 7,311 денари

фактура бр. 60 од 21,07,2009 година на износ од 6,130 денари

фактура бр. 67 од 08,02,2010 година на износ од 3,065 денари

фактура бр. 6 од 01,09,2010 година на износ од 3,065 денари

фактура бр. 7 од 30,09,2010 година на износ од 3,065 денари

фактура бр. 8 од 17,11,2010 година на износ од 3,065 денари

фактура бр. 10 од 21,12,2010 година на износ од 6,130 денари

фактура бр. 16 од 31,12,2010 година на износ од 1,572 денари

фактура бр. 16 од 31,12,2010 година на износ од 643 денари

фактура бр. 16 од 31,12,2010 година на износ од 2,198 денари

фактура бр. 16 од 31,12,2010 година на износ од 661 денари

фактура бр. 1 од 26,01,2011 година на на 3,065 денари

дел од фактура бр. 2 од 28,02,2011 година на износ од 1,759 денари

ВКУПНО: 203.239,00 денари

Член 2

Се задолжува Одделението за сметководство и плаќање при Секторот за финансиски прашања да спроведе соодветно книжење за отпис на наведените ненаплатени и застарени побарувања.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/7 Претседател

13.03.2024 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

Ресен

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен" бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Програмски и Финансиски извештај на Општинска Установа Дом на култура „Драги Тозија" – Ресен
за 2023 година

Се објавува Заклучокот по Програмски и Финансиски извештај на Општинска Установа Дом на култура „Драги Тозија" – Ресен за 2023 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/5 — Градоначалник
14.03.2024 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен" бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Програмски и Финансиски извештај на Општинска Установа Дом на култура „Драги Тозија" – Ресен за 2023 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмски и Финансиски извештај на Општинска Установа Дом на култура „Драги Тозија" – Ресен за 2023 година заведен под арх.бр.01-14 од 28.02.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/8 — Претседател
13.03.2024 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

Република Македонија
Општина Ресен
Дом на културата Драги Тозија
Бр. 01-141/1
28.02 20 24 год.
РЕСЕН

# ОПШТИНСКА УСТАНОВА

# ДОМ НА КУЛТУРА "ДРАГИ ТОЗИЈА"-РЕСЕН

# ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 год.



Општинската установа Дом на Култура “Драги Тозија” Ресен како институција од областа на културата е единствен двигател на културната свест на населението во нашата општина. Домот на Култура имаше за цел и задача да ја претстави културата како интегрална целина на знаења и умеења а пред се како доживување во областа на културно забавниот живот во општина Ресен.Домот на Кулктурата е амбасадор на културните збиднувања, однесувања,вредности и идеи во областа на слободното уметничко творење.

Со програмата предвидена за 2023 година имавме поставена цел и активности и на истите одговоривме комплетно и одговорно. Настаните од областа на културата беа поставени се со цел да се развие локалниот интерес на населението кон културата. Со исцрпувачка работа низ низа активности и настани успешно се одговори на предизвикот предвиден за 2023год. Се решаваа и представуваа настани од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот каде што домашните и локалните уметници ја афирмираја својата брилјантна идеја каде ги позврзаа свите креации со креативност и иновации. А Сарајот како еден објект со многу важно и афтентично историско зачање беше идеално место за промоција на самостојни и групни изложби.

Не беше запоставена ни драмската дејност. Со бројни професионални и аматерски театарски представи за деца и млади,стенд-ап комичари целта ни беше да се разбуди градот со представување на бројни поинакви настани.

Домот на Културата преку музичко-сценската дејност реализира настани и гостувања на домашни изведувачи и групи , хор и хорското пеење,и црковните пеења кои беа уште едно обележје на градот. Исто така и библиотечната дејност беше представена со набавка на нов книжен фонд,белитристика,лектири и стручна литература.Се реализираа разни промоции на книги на познати афтори,саеми на книгата и литературни конкурси со натпреварувачки карактер.

Сето тоа одговорно и дисциплинирано хронолошки изгледаше вака:

**На 14.02.2023год "Вино и љубов"**

Во денот и месецот на љубовта и виното Домот на култура не ги заборава романтичните души и љубителите на добрата музика и виното. Да уживаат во безвременските хитови испеани од нашите локални музички уметници и да наздрават со чаша вино. Овој настан се заокружи со присуство на локалните уметници: групата "Астра"и Ташко Каранфиловски, Григори Прцуловски, Гоце Милошевски, Елена Сековска , Цаловска Сандра, Панде Сековски.Како водители на оваа прекрасна вечер се појавија Петар Крстиновски и Менче Јовановска.








**На 09.03. 2023 год**. УМЕТНОСТА НА ЖЕНАТА

Жената отсекогаш била застапена во уметноста,како чест мотив, како муза но и како уметник.
Во чест на Меѓународниот ден на жената а во организација на Домот на култура "Драги Тозија", под покровителство на сопругата на Градоначалникот, Весна Тозиевска, во изложбениот салон во Сарајот беше отворена изложба и беа изложени уметничките дела на Севдалина Митревска на тема **МОЈОТ УМЕТНИЧКИ СВЕТ**.
Изложбата бешеи со продажен карактер.






## На 22.03.2023год ПОЕЗИЈАТА ВО ДИЈАЛОГ СО МУЗИКАТА

По повод Светскиот ден на поезијата, Домот на културата "Драги Тозија" во соработка со СОУ "Цар Самоил", организираа поетско-музичка вечер.Учениците беа раководени од проф.Шенер Далиповски. Љубителите на поезија и музика имаа можност да уживаат во интерпретација на стихови и музика изведени на македонски, англиски, француски, албански и турски јазик.








На **01.04.2023год** се одржа **ПРВОАПРИЛСКО ДЕФИЛЕ ЗА ДЕНОТ НА ШЕГАТА**

Домот на култура во соработка со Локалната самоуправа а под покровителство на Градоначалникот на Општина Ресен г-дин Јован Тозиевски, организира првоаприлско дефиле на 1 Април (сабота) во 10 часот на плоштадот во Ресен.
Со креативни маски учествуваа учениците од сите преспански основни училишта како и од градинката 11-ти Септември.




Од **27-29.04.2023год** се одржа изложба на фотографии на тема:

**"Зима –птици- птичари".** Изложбата ја доловија **Македонското еколошко друштво.**



**На ден 28.04.2023год општински натпревар**

**"Млади библиотекари 2023".**

Во просториите на библиотеката, при Домот на културата "Драги Тозија" Ресен, се одржа општинскиот натпревар **"Млади библиотекари 2023".** Учествуваа ученици од основните училишта од Преспа. Првото место го освои ученичката од ОУ "Димитар Влахов" с. Љубојно, Ана Цветковска и се стекна со право на учество на Републичкиот натпревар, кој оваа година ќе се одржи на 12 Мај во Кочани. Второто место го освои Ангела Јовановска, а третото место и припадна на ученичката Благица Котларовска.



На ден **12.05.2023** г. во организација на Библиотекарското здружение на Македонија, се одржа 22.Републички натпревар **"Млади библиотекари" во ЈОУ Библиотека "Искра"- Кочани.** На истиот учествуваше ученичката Ана Цветковска од ОУ"Димитар Влахов"- Љубојно, која ја претставуваше матичната библиотека, при Домот на култура "Драги Тозија" Ресен.




На ден **17.05.2023год** Домот на културата "Драги Тозија" Ресен, ја организира модерната, современа театарска претстава **"Мали vs ГОЛЕМ" во изведба на детското драмско студио "ДрамаКидЗ",** кое функционира во рамките на Центарот за култура, Охрид. Претставата беше одржана на 17.05.2023 г. Среда, во кино салата.







На ден **23.05.2023год** повод слава на Големите македонски и сесловенски просветители, **Светите браќа Кирил и Методиј** кои се основоположници на словенската писменост и литература и се заслужни за културниот развој на сите словенски народи.
По повод празникот во нивна чест, библиотеката,при Домот на културата "Драги Тозија"-Ресен, распиша литературен конкурс под наслов **"Св. Кирил и Методиј - основоположници на словенската писменост", за учениците од основните училишта.**Истиот беше збогатен со настап на Младинскиот мандолински оркестар, **КУД "Стив Наумов"-Битола.**





Домот на културата продолжи со своите активности, на ден **28.05.2023 год.** празник на **Св. Ахил**, организира вечерен концерт на **црковниот хор Св. Ахил Преспански**. Гости на вечерта беа членовите на мешаниот хор **КУД "Стив Наумов" од Битола**. Настанот се одржа во храмот **Св. Кирил и Методиј**.





Првата работилница од проектот **„Убавината е во различноста“ поддржан од Министерството за култура,** во соработка со Локалната самоуправа а во организација на Домот на култура,на ден **12.06.2023год** беше одржана во просториите на Ресенскиот Сарај.



На овој ден се одржа и аудиција за претставата **''Пепелашка ''** со учениците од основните училишта на општина Ресен и децата од Центарот за деца со попреченост.

**15.06.2023год -Дуо Скупи во Ресен**

Јета Старова Мехмети - флејта и Ермаљ Мехмети - виолина, ја изведоа музиката со несекојдневен спој на класична и народна музика, преработки на стари македонски и албански песни. Ова дуо постои од 2006 година и од тогаш со голем успех настапува на значајни фестивали кај нас и во странство.
Гостин на вечерта беше Гоце Милошевски - пиано.
Настанот се одржа во рест. Galaxi – Претор





Домот на културата во соработка со локалната самоуправа и основните училишта од нашата општина, на гратскиот плоштад го организира традиционалниот **Сквер Арт - уметност на плоштад** 🎨✏️ 👨‍🎨 по повод завршетокот на учебната година.Покровител, сопругата на градоначалникот, г-ѓа Весна Тозиевска. Овој наста се одржа на ден **14.06.2023год**



**28.06.2023год Втора работилница**

Проектот **Убавината е во различноста** 👨‍🦽👫👨‍🦽 се одржа на ден **28.06.2023год.** во с.Болно во родната куќа на поетот Мите Богоевски. На учесниците им се одржа едукативно предавање за ликот и делото на Мите Богоевски.Учесниците ги рецитираа песните "Спроти Илинден", "Стојанка млада партизанка" и "Триесет и девет минаја" 📜 Го цртаа ликот на Мите Богоевски и куќата на Мите Богоевски 🧑‍🎨





И оваа година, Домот на културата "Драги Тозија" е организатор на манифестацијата за избор на најубава кукла-**Иванка.**

Оваа Преспанска традиција е одржана на празникот Иванден, **07.07.2023 година**, во дворот на ресенскиот Сарај.
Со пријавувањето на кукли Иванки зедоа ушество голем број на ушесници а најдобрата беше наградена. Учесници во забавниот дел од настанот беа Благојче Стојановски,Дано,Туше Марио,Цаловска Сандра, Даниел Рунчевски,Кристијан Божиновски и други регионални изведувачи.






Дом на култура го покани месното население од општината да присуствувате на настан,**Пливачки маратон** сабота, **15.07.2023 година**, во Сливница. На овој настан настапи група Instinct 🎶⭐🎶



Истиот ден **15.07.2023год** вечерта со почеток во 20ч. во Домот на културата се одржа **музичко поетска вечер со поетесата Ана Бунтеска**.во дворот на Ресенскиот **САРАЈ.** За музичкиот дел од настанот беа задолжени Јован Симоноски,Давид Арсовски и Гоце Милошевски.




Активностите продолжија есента со празнувањето на Преспанскиот јаболкобер, на **26.09.2023 год.** 🍏🍎
Домот на култура организира **Музичка вечер со учениците од школата за пијано,и изложбен салон во Сарајот.**
На оваа дата се одржа и
**- 👏Инклузивна театарска претстава "Пепелашка", 19.00 часот, 📌 во кино сала.**







**Дводневна креативна работилница во преспанска околина.**

Современо ликовно изразување, инспирирано од дивата убавина на недопрениот преспански предел. Настан кој обединува и деца и возрасни, кои ги изразуваат своите впечатоци, стекнати од исконскиот пејсаж. Настан каде уметникот се среќава со тишината на милениумското природно творештво.

📌**Прв ден, 25.10.2023 год.** 🖼

Детска креативна работилница со тема- современ поглед кон преспанскиот пејсаж. Дидактички час за еволуцијата на пејсажот во уметничко изразување. Сликање во групи на големи формати, создавајќи континуиран процес на ново дело.

📌**Втор ден, 26.10.2023 год.** 🖼

Арт хепенинг со членови од здружението **"Преспа арт"-Ресен** и Друштвото на ликовни уметници-Битола. Отсликување на природните креативни процеси во создадените дела. Колективно творештво, кое ја надминува индивидуалноста на уметникот и навлегува во анонимноста на создавањето Покровител на настанот, сопругата на градоначалникот г-ѓа Весна Тозиевска.



Домот на култура "Драги Тозија"- Ресен, направи самостојна ликовна изложба на уметникот **Емил Николовски**, насловена **"Имагинативен реализам".** На ден **18.11.2023 год.во** изложбениот салон во Сарајот

Емил Николовски (1996) Скопје, е млад македонски уметник. Дипломира сликарство во 2019 година во класата на професорот Антониј Мазневски. По завршувањето на студиите на ФЛУ своето образование го продолжува кај професорот Стефан Георгиевски каде што ќе ги усовршува класичните техники во сликарството. Во текот на 2023 година изучува класично сликарство, техника и технологија во ,,The Florence Academy of Art" Фиренца - Италија. Има реализирано една самостојна изложба и учествувал во неколку групни изложби во Скопје, а исто така учество ќе земе и во неколку проекти од областа на заштитата на културното наследство



Театарска претстава за деца **"Чудесниот напиток"** 🎭 се одржа на **22.11.2023** год.
Приказна, инспирирана од хероите од серијата книги и филмови за Хари Потер 🦉



Истиот ден на **22.11.2023 год**. Дом на Култура "Драги Тозија", организира стенд-ап комично шоу со Надица **" Не се курчи"** во кафе бар Млад Турист во Ресен.



По повод 8-ми декември, празникот на нашиот учител и просветител "Св. Климент Охридски", матичната библиотека при Домот на културата "Драги Тозија"- Ресен, распиша награден литературен конкурс на тема: "Св. Климент Охридски - прв македонски духовник, учител и книжевник".На конкурсот учествуваа ученици, љубители на пишаниот збор.



## Изложба 10 години "Преспа - инспиративна работилница"



На нашите почитувани сограѓани и вљубеници на уметноста Во рамки на предновогодишната програма,на 28.12.2023 год.се одржа отворањето на изложба, по повод одбележување на десетгодишнината од постоењето на креативна работилница организирана од Домот на култура "Драги Тозија".





На крај да се пофалиме со успешно завршената работа. Домот на Култура ''Драги Тозија''го организира незаборавениот и успешно реализиран со многу посетеност и иновативност Новогодишниот Базар.Тој се одржа во дворот на Сарајот на 29.12.2023год. со богата програма на која имаше новогодишна работилница од општинските ушилишта.Учество на децата од локалната градинка и новогодишната претстава ''Кога Гринч ја украде Новата Година''во изведба на детското драмско студио ''ПРЕСТИЖ''. Сето тоа заокружено со неверојатното појавување на Дедо Мраз кој слезе од кровот на Сарајот и делеше подароци за најмладите.









Во работата на Домот на културата, библиотеката има големо значење и вредност.

Покрај изнајмувањето на книги на своите редовни читатели и членови, библиотеката има огромно културно и образовно значење.

Со постојана надградба со дела, кои претставуваат новост во светот на белетристиката, но и на научните сознанија, библиотеката има огромно едукативно влијание врз локалното население, особено врз младата популација.

Фондот на книги со кои располага Библиотеката е околу 50.000 библиотечни монографски единици, околу 20.000 стручна литература од повеќе области и околу 5000 лектирни изданија за ученици од основно и средно образование. Овој број постојано се зголемува со донации од поединци, организации и институции, а се зголемува со финансиска помош на Министерството за култура.

Во 2023 година набавени се 102 книжни единици од 51 наслов од две издавачки куќи и тоа Матица Македонска и Книгохоличари. Подарени од Универзитетска библиотека Св. Климент Охридски Скопје, и донации од роднокрајни автори и читатели.

Годишно членуваат околу 200 членови

За да нашите членови во бобилотеката имаат полесен увид и пристап до сите книги, нашата блиблиотека е полноравен член во Библиотечно – информатичкиот систем COBISS, во кој што од година во година се надоградуваме

Исцрпна беше нашата работа , но одговорно, морално и крајно професионално одговоривме на предизвиците кои ни беа зададени за оваа изминатата 2023 год. како една и единствена културна установа Дом на Култура ''Драги Тозија'' од Ресен. Во иднина сме спремни да поставиме уште побогата културна програма која ќе им ја представиме на нашите сограѓани.

В.Д. Директор

Васко Василевски

Република Македонија
Општинска установа
Дом на културата Драги Тозија
Бр. 01-14/1
28.02.2024 год
РЕСЕН

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## на Општинска установа Дом на култура „Драги Тозија“за 2023 година

Остварувањето на приходите и расходите за 2023 година на Општинската установа Дом на култура „Драги Тозија“ се заснова на претходно одобрен финансиски план.

Реализацијата на средствата се остварува преку три сметки: сметка на блок дотација, сметка на сопствени приходи и буџетска сметка.

Следува приказ на приходите и расходите по сметки, конта и програми, за периодот јануари-декември 2023 година.

## СМЕТКА НА БЛОК ДОТАЦИЈА
## 760010996290310

Средствата се обезбедени од Министерство за култура,како блок дотација преку Општина Ресен, распределени во три програми : К1 – библиотечна дејност, К2 – сценско -музичка и уметничка дејност и К3 – музејска и кинотечна. Истите се користени за:
- исплата на плати, придонеси и надоместоци на вработените;
- патни трошоци за реализација на културните настани,
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт;
- материјали и ситен инвентар;
- поправки и тековно одржување;
- договорни услуги за промотори на книги, литературни читања, авторски надоместоци и хонорари за ангажирање на музичари, актери и други стручни соработници за реализација на проектите од музичка, драмска и театарска дејност, како и уметници и стручни соработници за организација на ликовните изложби и работилници;
-трансфери за : набавка на книги за библиотека, изработка и печатење на каталози за изложби, брошури, плакати и покани, гостување на театри, музички групи, културно-уметнички друштва и др.

Во следните табели се прикажани одобрените приходи и расходните конта за нивната реализација.

## Приходи:

| конто | опис | | износ |
|---|---|---|---|
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | | 3.622.058 |
| | | **741 вкупно** | **3.622.058** |

## Расходи:

| Конто | опис | | износ |
|---|---|---|---|
| 401130 | Нето плата | | 1.349.810 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 113.912 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | | 3.333 |
| | | **401 вкупно** | **1.467.055** |
| 402110 | Придонеси - ПИО | | 382.193 |
| 402210 | Придонеси - здравство | | 152.472 |
| 402220 | Придонеси - проф. Заболув. | | 10.157 |
| 402310 | Придонеси - вработување | | 24.392 |
| | | **402 вкупно** | **569.214** |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | | 30.000 |
| | | **404 вкупно** | **30.000** |
| 420120 | Патни трошоци | | 12.000 |
| | | **420 вкупно** | **12.000** |
| 421110 | Електрична енергија | | 95.277 |
| 421120 | Вода | | 20.533 |
| 421220 | Дрва | | 64.500 |
| 421240 | Течни горива | | 30.000 |
| 421290 | Др. Материјали за греење | | 11.638 |
| 421320 | Телефон | | 16.207 |
| 421390 | Др. Трошоци за комуникација | | 7.845 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 421430 | Транспорт на стоки | | 2.000 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | | 55.000 |
| | | **421 вкупно** | **303.000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | | 19.050 |
| 423120 | Списанија и весници | | 14.950 |
| 423210 | Материјали за АОП | | 6.593 |
| 423410 | Прех. Произв. И пијалоци | | 14.000 |
| 423710 | Средства за хигиена | | 13.435 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | | 39.453 |
| 423810 | Ситен инвентар | | 16.233 |
| 423990 | Други материјали матер. за цртање | | 56.286 |
| | | **423 вкупно** | **180.000** |
| 424210 | Одржување на згради | | 12.000 |
| 424420 | Поправки и одрж. на хардвер.и софтвер. опрема | | 5.912 |
| 424440 | Поправки и одржување на др. опрема | | 2.088 |
| | | **424 вкупно** | **20.000** |
| 425490 | Систематски прегледи | | 2.415 |
| 425990 | Други договорни услуги | | 442.556 |
| | | **425 вкупно** | **444.971** |
| 426120 | Членарини во домашни организации | | 4.500 |
| 426990 | Други оперативни расходи | | 25.500 |
| | | **426 вкупно** | **30.000** |
| 464990 | Други трансфери | | 565.818 |
| | | **464 вкупно** | **565.818** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **3.622.058** |

**СМЕТКА НА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ 760010996278716**

Сопствените приходи се остваруваат од: членарини од библиотека, продажба на билети за културни настани и закупнина на простории и се користат за материјални трошоци, тековно одржување на установата и ангажирање на соработници за реализација на програмата. Почетното салдо на оваа сметка е 586.014 денари, вкупните приходи остварени во текот на 2023 година изнесуваат 128.900 денари а вкупните расходи 64.971 денар, што значи салдото за пренос во наредната година е 649.943 денари. (586.014 +128.900 -64971=649.943).

Табела на приходи и расходи:

**Приходи:**

| **Конто** | **Опис** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 723411 | Членарини од библиотека | | **33.400** |
| 723412 | Приходи од билети за културни настани | | **49.500** |
| 723911 | Приходи од закупнини | | **22.000** |
| | Поврат на погрешно уплатени средства | | **24.000** |
| | | **Вкупни приходи** | **128.900** |

**Расходи:**

| Конто | опис | | износ |
|---|---|---|---|
| 425990 | Други договорни услуги | | 60.303 |
| | | **425 вкупно** | **60.303** |
| 464990 | Други трансфери | | 4.668 |
| | | **464 вкупно** | **4.668** |
| | | **Вкупни расходи** | **64.971** |

## БУЏЕТСКА СМЕТКА 180100996060315

Средствата на буџетската сметка се добиени преку Годишните конкурси за проекти од национален интерес за 2023 година од Министерството за култура и се користени за реализација на истите, врз претходно утврден оперативен и финансиски план.

Во 2023 година е реализиран проектот „Убавината е во различноста" во износ од 90.112 денари. Овие парични средства се користени за: графички дизајн и печатење на илустрирана сликовница „Пепелашка", обработка и лектура на текст за игровен театар и костими за ликовите од игровниот театар.

Табела на приходи и расходи:

**Приходи:**

| Конто | опис | | износ |
|---|---|---|---|
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | | 90.112 |
| | | **741 вкупно** | **90.112** |

**Преглед на бруто плати и комунални услуги по месеци**

**1. Бруто плати**

| Бруто Плати | **јан.** | **фев.** | **март** | **април** | **мај** | **јуни** | **јули** | **август** | **септ.** | **окт.** | **ноемв.** | **дек.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нето плати, персонален данок и придонеси | 153246 | 153246 | 153246 | 164397 | 164397 | 164397 | 164397 | 164397 | 164397 | 175578 | 207032 | 207539 | **2036269** |
| Надоместза годишен одмор | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 30000 | **30000** |

**2. Комунални услуги**

| **Комунални услуги** | **јан.** | **фев.** | **март** | **април** | **мај** | **јуни** | **јули** | **август** | **септ.** | **окт.** | **ноем.** | **дек.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Електрична енергија | 12985 | 18401 | 7860 | 13475 | 9429 | 5731 | 4332 | 4655 | 4868 | 6188 | 6100 | 1253 | **95277** |
| 2.Вода | 1787 | 1813 | 1813 | 1813 | 1901 | 1901 | 1901 | 1901 | 1901 | 1901 | 1901 | / | **20533** |
| 3.Дрва | | | | | | 64500 | / | / | / | / | / | / | **64500** |
| 4.Течни горива | | | | | | 9000 | / | / | 12000 | | 9000 | / | **30000** |
| 5.Др. матер.за грење | 3638 | / | 8000 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **11638** |
| 6.Телефон | / | 1521 | 1444 | 1444 | 1475 | 1451 | 1451 | 1444 | 1481 | 1481 | 1507 | 1507 | **16207** |
| 7.Интернет | 590 | 590 | 590 | 590 | 590 | 590 | 590 | 590 | 590 | 590 | 590 | 590 | **7080** |
| 8.Др. трош. за комуникација | / | 765 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **765** |

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ЈОУДГ ,,11 Септември'' – Ресен

Се објавува Заклучокот по Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ЈОУДГ ,,11 Септември'' – Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/6
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ЈОУДГ ,,11 Септември'' – Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ЈОУДГ ,,11 Септември'' – Ресен заведен под арх.бр.05-22/2 од 30.01.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/9
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**
ПО ЗАВРШНА СМЕТКА НА
ЈОУДГ „11-ТИ СЕПТЕМВРИ“ РЕСЕН
за 2023 година

Предучилишното воспитание и образование е дејност од посебен општествен интерес.

Основна дејност на ЈОУДГ„11 Септември“ е да организира и реализира згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст, со цел да се обезбедат услови за здраво и среќно детство, за оптимален физички, сензомоторен, социјален, емоционален и интелектуален развој, како и развој на креативноста кај децата, соработка со родителите и пошироката средина.

Проектиран капацитет на градинката е 251 дете, но поради користење на една просторија од страна на ЦСР- Ресен за потребите на лица со посебни потреби, капацитетот на градинката е намален на 231 дете. Распределени во 12 воспитни групи од кои 6 во „Централен објект, 5 во објект „Јаболче“ и една занимална во „Објект 2“ село Јанковец во просториите на ООУ „Мите Богоевски“-Ресен бројот на згрижени деца е 255.

Во 2023 год. во ЈОУДГ „11 Септември “ запишани се моментално 255 деца и тоа 141 дете во Централен објект, 105 деца во објект „Јаболче“ од кои во градинскиот дел се запишани 80 деца а во целодневен престој се запишани 25 децаа и 9 деца во „објект 2“.

Распоредени се во 12 воспитни групи: две комбинирани јаслени групи на возраст од 9 месеци до 2 години, две воспитни групи на деца од 2 до 3 год. две воспитни групи на деца од 3 до 4 год., две воспитни групи на деца од 4 до 5 год. , две воспитни група на деца од 5 до 6 год. една комбинирани воспитни групи на деца од 2 до 6 год. и една група на деца од 6 до 10 год.

. Бројот на згрижени деца во ЈОУДГ „11 Септември“ Ресен во текот на годината се менува.

Покрај згрижување, воспитание и образование на децата згрижени во градинката, истата се грижи и за нивната правилна исхрана. За време на престојот децата добиваат по четири оброци и тоа појадок, I-ва ужина, ручек и II-ра ужина.

За престојот во градинката децата плаќаат по 1.490 денари, а децата кои се згрижени во С.Јанковец плаќаат по 599 денари и добиваат еден оброк.

За просторијата која ја користи ЦСР-Ресен за згрижување на децата со посебни потреби, а е под надлежност на Центарот за социјални работи во Ресен ЈОУДГ„11 Септември“ Ресен му ги дава сите услуги како затоплување, вода, електрична енергија и три оброци на храна.

Во текот на 2023 година ЈОУДГ „11-ти Септември“ има остварено приходи по два основи и тоа:

-од Буџетот на РСМ со блок дотација преку Локалната самоуправа на Општина Ресен, и

-од самофинансирачките активности на ЈОУДГ „11-ти Септември“.

Од Буџетот на РСМ со блок дотација преку Локалната самоуправа на Општина Ресен за 2023 година се остварени следните приходи:

| ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА БУЏЕТСКА СМЕТКА 903-12 | | | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|---|
| **74** | | **ТРАНСФЕРИ И ДОТАЦИИ** | **24.386.124,оо** | **20.947.183,оо** |
| **741** | | **Трансфери од други нивоа на власт** | **24.386.124,оо** | **20.947.183,оо** |
| | 741120 | Блок дотации | 24.386.124,оо | 20.947.183,оо. |

Од овие приходи добиени од Буџетот на РСМ како Блок дотација се исплаќаат платите и придонесите на 39 вработен на неопределено време и 1 вработен на определено време, комунални услуги, определени тековни поправки и одржувања, договорни услуги и разни трансвери

Во текот на 2023 година од блок дотацијата беа направени следниве расходи кои се дадени во табелата:

| ВКУПНО РАСХОДИ ЗА БУЏЕТСКА СМЕТКА 903-12 | | | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|---|
| **40** | | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **17.234.172,оо** | **16.369.411,оо** |
| **401** | | **Основни плати и надоместоци** | **12.124.360,оо** | **11.537.938,оо** |
| | 401130 | Основни плати | 11.284.914,оо | 10.733.604,оо |
| | 401310 | Персонален данок | 784.446,оо | 764.338,оо |
| | 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 55.000,оо | 39.996,оо |
| **402** | | **Придонеси за социјално осигурување од работодавачите** | **4.709.812,оо** | **4.471.473,оо** |
| | 402110 | Основен придонес за ПИО | 3.156.610,оо | 3.002.283,оо |
| | 402210 | Основни придонеси за здравство | 1.265.304,оо | 1.197.711,оо |
| | 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 86.802,оо | 79.834,оо |
| | 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | 201.096,оо | 191.645,00 |
| **404** | | **Надоместоци** | **400.000,оо** | **360.000,оо** |
| | 404110 | Надоместоци за годишен одмор | 400.000,оо | 360.000,оо |
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **6.059.312,оо** | **4.367.754,оо** |
| | | **Комунални услуги, греење,** | **1.954.232,оо** | **1.894.404,оо** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **421** | | **комуникација и транспорт** | | |
| | 421110 | Електрична енергија | 360.000,оо | 359.699,оо |
| | 421120 | Водовод и канализација | 305.000,оо | 304.403,оо |
| | 421240 | Течни горива | 1.000.000,оо | 942.979,оо |
| | 421290 | Други материјали за греење | 250.000,оо | 249.345,оо |
| | 421320 | Телефон и телефакс | 4.000,оо | 2.865,оо |
| | 421390 | Други трошоци за комуникација | 35.232,оо | 35.113,оо |
| **423** | | **Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка** | **140.000,оо** | **118.425,оо** |
| | 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0,оо | 0,оо |
| | 423810 | Ситен инвентар | 70.000,оо | 0,оо |
| | 423990 | Други материјали | 70.000,оо | 118.425,оо |
| **424** | | **Поправка и тековно одржување** | **3.265.080,оо** | **1.936.807,оо** |
| | 424210 | Одржување на згради | 3.265.080,оо | 1.936.807,оо |
| | 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0,оо | 0,оо |
| **425** | | **Договорни услуги** | **700.000,оо** | **418.118,оо** |
| | 425990 | Други договорни услуги | 700.000,оо | 418.118,оо |
| **426** | | **Други тековни расходи** | **0,оо** | **0,оо** |
| | 426990 | Други тековни расходи | 0,оо | 0,оо |
| **46** | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСВЕРИ** | **100.000,оо** | **99,088,оо** |
| **464** | | **Разни трансфери** | **100.000,оо** | **99.088,оо** |
| | 464940 | Трансфери при пензионирање | 75.000,оо | 72.572,оо |
| | 464990 | Други трансфери | 25.000,оо | 26.516,оо |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **992.640,оо** | **110.930,оо** |
| **480** | | **Купување на опрема и машини** | **892.640,оо** | **71.990,оо** |
| | 480140 | Купување на информатичко и видео опрема | 38.000,оо | 0,оо |
| | 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 700.000,оо | 0,оо |
| | 480190 | Купување на друга опрема | 154.640,оо | 71.990,оо |
| **482** | | **Други градежни објекти** | **100.000,оо** | **38.940,оо** |
| | 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 100.000,оо | 38.940,оо |
| **483** | | **Купување на мебел** | **0,оо** | **0,оо** |
| | 483110 | Купување на канцелариски мебел | 0,оо | 0,оо |
| | | **Вкупно:** | **24.386.124,оо** | **20.947.183,оо** |

Во врска со планирањето и реализацијата на приходите и расходите на оваа сметка може да се донесе заклучок дека средствата се добиваат како блок дотација и врз основа на висината на одобрените средства се врши пресметка за да може да се испланира основната плата и придонесите на вработените, па од остатокот се планираат останатите материјални трошоци.

Од самофинансирачките активности преку трезорската сметка 787-18 во текот на 2023 година се планирани и остварени следниве приходи:

| ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА БУЏЕТСКА СМЕТКА 787-18 | | | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|---|
| **72** | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **6.816.000,оо** | **3.422.736,оо** |
| **723** | | **Административни такси и надоместоци** | **6.804.000,оо** | **3.366.936,оо** |
| | 723111 | Целодневна и предшколска грижа | 6.804.000,оо | 3.366.936,оо |
| **725** | | **Останати неданочни приходи** | **12.000,оо** | **55.800,оо** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 12.000,оо | 55.800,оо |

Од приходите на оваа сметка се исплаќаат трошоците за патни и дневни расходи, за комунални услуги , за ситен инвентар, алати и други материјали, за прехрамбени производи за подготвување на оброците на децата згрижени во детската градинка, за средства за одржување на хигиената на децата, за некои поситни поправки и тековни одржувања, за договорни услуги, други тековни расходи, за опрема и други потребни нематеријални вложувања.

Според горе наведеното, во текот на 2023 година беа испланирани и реализирани следниве расходи прикажани во табелата:

| ВКУПНО РАСХОДИ ЗА БУЏЕТСКА СМЕТКА 787-18 | | | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|---|
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **5.171.000,оо** | **2.436.426,оо** |
| **420** | | **Патни и дневни трошоци** | **108.000,оо** | **2.900,оо** |
| | 420110 | Патување во земјата- хранарина (дневница) | 13.500,оо | 0,оо |
| | 420120 | Патување во земјата- патни расходи | 7.000,оо | 0,оо |
| | 420130 | Патување во земјата - сместување | 36.000,оо | 2.900,оо |
| | 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 20.500,оо | 0,оо |
| | 420220 | Патување во странство - патни-расходи | 20.500,оо | 0,оо |
| | 420230 | Патување во странство - сместување | 10.500,оо | 0,оо |
| **421** | | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **467.000,оо** | **37.325,оо** |
| | 421110 | Електрична енергија | 180.000,оо | 0,оо |
| | 421120 | Водовод и канализација | 180.000,оо | 0,оо |
| | 421190 | Други комунални такси и услуги | 7.500,оо | 0,оо |
| | 421240 | Течни горива | 6.000,оо | 0,оо |
| | 421290 | Други материјали за греење | 5.500,оо | 0,оо |
| | 421310 | Пошта | 1.000,оо | 0,оо |
| | 421320 | Телефон и телефакс | 2.000,оо | 0,оо |
| | 421390 | Други трошоци за комуникација | 25.000,оо | 0,оо |
| | 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 38.000,оо | 30.000,оо |
| | 421420 | Регистрација на моторни возила | 10.000,оо | 7.325,оо |
| | 421440 | Транспорт на луѓе | 12.000,оо | 0,оо |
| **423** | | **Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки** | **3.926.000,оо** | **2.084.290,оо** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 423110 | Канцелариски материјали | 106.500,oo | 0,oo |
| | 423120 | Списанија , весници и други изданија користење од страна на вработените | 11.000,oo | 7.800,oo |
| | 423190 | Други административни материјали | 10.000,oo | 0,oo |
| | 423210 | Материјали за АОП | 19.000,oo | 13.200,oo |
| | 423310 | Униформи | 98.000,oo | 67.614,oo |
| | 423320 | Обувки | 72.000,oo | 0,oo |
| | 423330 | Постелнина | 55.000,oo | 0,oo |
| | 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 2.700.000,oo | 1.693.988,oo |
| | 423510 | Лекови | 6.000,oo | 0,oo |
| | 423590 | Други медицински материјали | 8.000,oo | 2.000,oo |
| | 423610 | Наставно-образовни помагала | 24.000,oo | 7.672,oo |
| | 423620 | Училишни материјали | 36.000,oo | 26.750,oo |
| | 423710 | Средства за одржување на хигиена | 600.000,oo | 155.251,oo |
| | 423720 | Материјали за разни поправки | 72.000,oo | 60.653,oo |
| | 423810 | Ситен инвентар | 25.500,oo | 1.280,oo |
| | 423830 | Резервни делови | 26.000,oo | 5.470,oo |
| | 423990 | Други материјали | 57.000,oo | 42.612,oo |
| **424** | | **Поправки и тековно одржување** | **190.500,oo** | **37.400,oo** |
| | 424110 | Поправка и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови, гуми) | 18.000,oo | 0,oo |
| | 424210 | Одржување на згради | 47.000,oo | 0,oo |
| | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 38.000,oo | 35.400,oo |
| | 424420 | Поправка и одржување на софтвер | 28.000,oo | 0,oo |
| | 424430 | Поправка и одржување на машини | 31.500,oo | 2.000,oo |
| | 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 28.000,oo | 0,oo |
| **425** | | **Договорни услуги** | **266.500,oo** | **171.223,oo** |
| | 425130 | Изнајмување на друг вид на простор | 4.000,oo | 0,oo |
| | 425250 | Осигурување на имот и права | 55.000,oo | 48.576,oo |
| | 425260 | Осигурување на моторни возила | 34.000,oo | 33.847,oo |
| | 425310 | Правни услуги | 1.500,oo | 0,oo |
| | 425320 | Судски вештачења | 1.000,oo | 0,oo |
| | 425420 | Примарна здравствена заштита | 105.000,oo | 69.800,oo |
| | 425970 | Консултански услуги | 0,oo | 0,oo |
| | 425990 | Други договорни услуги | 66.000,oo | 19.000,oo |
| **426** | | **Други тековни расходи** | **213.000,oo** | **103.288,oo** |
| | 426310 | Семинари и конференции | 54.000,oo | 4.800,oo |
| | 426410 | Објавување на огласи | 83.000,oo | 63.370,oo |
| | 426990 | Други оперативни расходи | 76.000,oo | 35.118,oo |
| **464** | | **Разни трансвери** | **110.000,oo** | **0.oo** |
| | 464940 | Трансвери при пензионирање | 73.000,oo | 0,oo |
| | 464990 | Други трансфери | 37.000,oo | 0,oo |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.535.000,oo** | **1.379.998,oo** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **480** | | **Купување на опрема и машини** | **107.000,оо** | 0,оо |
| | 480110 | Купување на канцелариска опрема | 11.000,оо | 0,оо |
| | 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 18.000,оо | 0,оо |
| | 480150 | Купување на кујнска опрема | 47.000,оо | 0,оо |
| | 480190 | Купување на друга опрема | 31.000,оо | 0,оо |
| **481** | | **Градежни објекти** | **0.оо** | 0,оо |
| | 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 0,оо | 0,оо |
| **483** | | **Купување на мебел** | **45.000,оо** | 0,оо |
| | 483110 | Купување на канцелариски мебел | 45.000,оо | 0,оо |
| **485** | | **Вложувања и нефинансиски средства** | **3.000,оо** | 0,оо |
| | 485230 | Компјутерски софтвер | 3.000,оо | 0,оо |
| **486** | | **Купување на возила** | **1.380.000,оо** | **1.379.998,оо** |
| | 486110 | | 1.380.000,оо | 1.379.998,оо |
| | | **Вкупно:** | **6.816.000,оо** | **3.816.424,оо** |

Во врска со планирањето и реализирацијата на приходите и расходите на самофинансирачката сметка 787-18 може да се изнесат следниве заклучоци:

-приходите се планираат во зависност од бројот на запишаните деца во Детската градинка.

-постои одредена разлика во планираните во однос на остварените приходи поради неколку причини: каснење на плаќањето на сметките за престој во детската градинка и нередовен престој на одредени деца, поради начинот на трезорското плаќање, одредени суми мора да се предвидат во планот, иако во текот на годината нема да се реализираат. (Доколку се појави потреба да се направи одреден расход, а тој не е испланиран во тековната година, тогаш нема можност да се исплати по тој основ. Затоа, одредени расходи се само испланирани, а не се реализирани).

Тековната 2023 година ЈОУДГ „11Септември“ од самофинансирачката сметка 787-17 започнува со салдо од 1.584.368,оо ден, а заврши со салдо 1.190.680,оо ден. кое се пренесува за наредната за 2024 година .

ЈОУДГ „11-ти Септември “ Ресен
Директор
Силвана Митревска

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на СОУ „Цар Самоил“ – Ресен

Се објавува Заклучокот по Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на СОУ „Цар Самоил“ – Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/7
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на СОУ „Цар Самоил“ – Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на СОУ „Цар Самоил“ – Ресен заведен под арх.бр.05-96/2 од 22.02.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/10
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ПО ЗАВРШНИТЕ СМЕТКИ ЗА 2023 година на СОУ „ ЦАР САМОИЛ „ - РЕСЕН**

Финансиското работење на училиштето во 2023 год. се извршуваше преку четири од шест постоечки жиро сметки , а тие се следните :

1. Сметка за блок дотација од локалната самоуправа - **903** - за вршење на основната дејност на училиштето – плати и материјални трошоци

2. Сметка од самофинансирачки активности - **787** - за дополнително финансирање на наставно – образовниот процес ( одржување на образовни семинари и натпревари како и работењето на земјоделските активности во насадот и други потреби )

3. Буџетска сметка – **603** – на која оваа година немаше извршени плаќања и прилив на средства од Министерството за образование и наука и ќе биде предадена празна завршна сметка

4. Сметка – **603** – за помошно финансирање од Локалната самоуправа преку која оваа година училиштето немаше извршени плаќања и прилив на средства

5. Сметка – **785** – донаторска сметка која се однесува на успешни практики во одгледувањето на органско овошје и се направи студиска посета во Р. Бугарија со цел надоградување на знаењето и вештините во производство на органско овошје преку практична обука. Таа започна со работа во 2021, продолжи во 2022 година и оваа година извршени се последните плаќања со што овој проект завршува во однос на финансирањето .

6. Сметка – **785** – донаторска сметка од проектот финансиран од Светска банка од програмата Еразмус + преку Министерството за образование и наука за обука на наставници во Италија. Оваа сметка започна со работа во 2022 година , а во 2023 година се завршени сите плаќања и овој проект завршува.

## СМЕТКА ОД НАМЕНСКА БЛОК ДОТАЦИЈА - 903 -

На оваа сметка се работеше според изработен и одобрен финансиски план како наменска блок дотација од Локалната самоуправа во износ од **36.000.000,00** кој беше зголемен со вишокот од претходна година во износ од **1.716.562,00** како средства кои не беа искористени од претходна година и на крајот на годината надоградување на блок дотацијата со средства за исплата на регрес за годишен одмор на вработените во износ од **1.750.000,00** денари. Со тоа блок дотацијата за 2023 год. беше во вкупен износ **39.466.563,00**.

На крајот на 31.12.2023 година останаа неискористени средства на последен извод од сметката во износ од 331.523,00 .

Приходите кои се реализирани во текот на годината се во износ од **37.449.109,00** и се потрошени за следните намени :

| | |
|---|---|
| **1. Плати со придонеси за вработени во вкупен износ од** | **30.370.679,00** |
| **2. Регрес за годишен одмор со персонален данок** | **622.216,00** |
| **3. Материјални трошоци во вкупен износ од** | **6.456.214,00** |

Поединечно тоа изгледа вака :

| | |
|---|---|
| - Нето плати на вработените во износ од | **20.236.891,00** |
| - Регрес за годишен одмор | **560.000,00** |
| - Персонален данок од надоместоци | **62.216,00** |
| - Персонален данок од плати во износ од | **1.630.008,00** |
| - Придонеси од нето плата во износ од | **8.503.780,00** |
| кои се однесуваат за : придонес за ПИО - 5.709.685,00 ; придонес за здравство - 2.277.807,00 ; придонес за професионално заболување - 151.844,00 ; придонес за вработување - 364.444,00 | |

**Материјални трошоци :**

| | | |
|---|---|---|
| **421** | **Комунални услуги** | **2.683.607,00** |

- Нафта за греење 1.999.981,00
- Потрошена елекрична енергија 312.903,00
- Потрошена вода 257.525,00
- Поштенски услуги 13.089,00
- Телефон 39.609,00
- Интернет 60.500,00

| | | |
|---|---|---|
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **398.739,00** |

- Канцелариски материјали 36.778,00
- Весници и списанија 47.650,00
- Училишни материјали 43.570,00
- Средства за хигиена 54.728,00
- Материјали за поправки 31.462,00
- Материјали за АОП 102.369,00
- Лекови 5.198,00
- Резервни делови 21.675,00
- Ситен инвентар ( казанчиња ) 21.759,00
- Обувки 2.300,00
- Други материјали 31.250,00

| | | |
|---|---|---|
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **1.080.043,00** |

- Одржување на зграда ( реновирање на тоалет на прв спрат и молерисување на училници и канцеларии ) 881.367,00
- Одржување на копјутерска техника 57.950,00
- Дезинфекција и дератизација 28.320,00
- Одржување на друга опрема 78.186,00
- Сервисирање на ПП апарати 9.912,00
- Сервисирање на парно 24.308,00

| | | |
|---|---|---|
| **425** | **Договорни услуги** | **1.417.863,00** |

- Систематски и санитарни прегледи на вработени 31.650,00
- Извршен превоз на ученици 824.607,00
- Обработка на завршни сметки 14.700,00
- Дополнителни услуги 26.240,00
- Копирање и печатење 15.587,00
- Ангажирање на стручно лице за безбедност при работа 21.240,00
- Договорни услуги 483.839,00

| | | |
|---|---|---|
| **426** | **Други тековни расходи** | **109.895,00** |

- Објавување на огласи 101.562,00
- Членарини во домашни организации 4.750,00
- Камати од ненавремена исплата на плати 3.583,00

| | | |
|---|---|---|
| **480** | **Капитални расходи** | **492.820,00** |

- Набавени 10 лаптопи за наставници 304.500,00
- Набавена машина за чистење подови 188.320,00

| | | |
|---|---|---|
| **464** | **Разни трансфери** | **273.247,00** |

- Исплата на отпремнина за пензионирање на вработени 133.462,00
- Солидарна помош за смртни случаи 139.785,00

Вкупните расходи се во износ како и вкупните приходи од **37.449.109,00** ден. со што салдото на оваа жиро сметка на 31.12.2023 година инесува нула.

**САМОФИНАНСИРАЧКА СМЕТКА - 787 -**

На оваа сметка пренесени се наменски приходи од претходната 2022 година во износ од **583.208,00** денари.

Приходите од тековната година се во износ **767.076,00** денари.

А вкупните приходи заедно со пренесениот вишок од претходната година се во износ од **1.350.284,00** денари .

Во 2023 година остварени се приходи по следните основи :

| | |
|---|---|
| - Вонредни уписи и испити | **15.050,00** |
| - Дупликати на дипломи | **18.000,00** |
| - Од продажба на јаболка , сливи и цреши | **351.668,00** |
| - Субвенции | **363.158,00** |
| - Закупнина од објекти | **19.200,00** |
| **ВКУПНО** | **767.076,00** |

Вкупните расходи на оваа сметка се во износ од **1.162.515,00** денари, а се направени за следните намени :

| | |
|---|---|
| - Патни расходи за семинари и натпревари | **48.354,00** |
| - Гориво и масла | **135.180,00** |
| - Резервни делови | **12.045,00** |
| - Работна облека и обувки | **19.420,00** |
| - Материјали за поправки | **45.167,00** |
| - Поправка на трактор | **7.200,00** |
| - Ситен инвентар | **5.270,00** |
| - Копирање | **2.250,00** |
| - Материјали за одржување на насад(ѓубрива и хемиски преп.) | **406.394,00** |
| - За договорни услуги за работи во насадот | **239.369,00** |
| - Превозни услуги за ученици на натпревари | **86.518,00** |
| - Котизација за учество на натпревари | **15.000,00** |
| - Доплата на фактури за огласи | **25.568,00** |
| - Земјоделски производни услуги | **45.000,00** |
| - Концесија за земјоделско земјиште | **69.780,00** |
| **ВКУПНО** | **1.162.515,00** |

Вишокот на приходи на оваа сметка на 31.12.2023 год. е во износ **187.769 ,00** и овој износ се пренесува во наредната 2024 г. за дополнување на потребите на училиштето и земјоделските активности. Средствата ќе се трошат наменски со однапред изготвен финансиски план за одредени намени , а ќе се однесуваат на нормално одвивање на образовниот процес и во насока на негово усовршување
По завршната сметка за 2023 училиштето нема неисплатени долгови на оваа сметка.

**ДОНАТОРСКА СМЕТКА – 785 –** ЕРАЗМУС +

Оваа сметка која се однесуваше на обука за ученици и наставник во Р. Бугарија започна со работа во текот на месец јануари 2021 година , работеше и во 2022 г. а продолжи со работа во 2023 година со салдото од **4.155,00** денари од 2022 год. како и остатокот од планот во износ од **229.929,00** или вкупно **234.084,00** денари.

Извршени беа некои завршни работи и за таа цел направени се следните расходи :

| | |
|---|---|
| - Извршени плаќања на НБРСМ | 90.890,00 |
| - Договорни услуги | 54.933,00 |
| - Набавена е интерактивна табла и проектор со држач | 60.000,00 |
| - Набавени се тонери и хартија | 28.261,00 |
| **Вкупен износ на расходи** | **234.084,00** |

На крајот на годината на оваа сметка бидејќи нема салдо со оглед на тоа што реализиран е проектот во целост и следната година ќе се предаде завршна сметка само со податоци од претходна година.

**ДОНАТОРСКА СМЕТКА – 785 –** ЕРАЗМУС +

Оваа сметка започна со работа во текот на месец мај 2022 година , а продолжи со работа и во 2023 година со салдото од **3.800,00** денари од 2022 год. како и остатокот од планот во износ од **194.972,00** или вкупно **198.772,00** денари. Извршена е последната исплата според финансискиот план и направени се следните расходи :

| | |
|---|---|
| - Доплата на фактура за сместувањето во Италија | 163.032,00 |
| - Дополнителни договорни услуги | 35.740,00 |
| **Вкупен износ на расходи** | **198.772,00** |

И оваа сметка на крајот на годината бидејќи нема салдо со оглед на тоа што реализиран е проектот во целост и следната година ќе се предаде завршна сметка само со податоци од претходна година

Изготвил
Дијана Ѓоргиевска

**8.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен

Се објавува Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/8
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ООУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ООУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен заведен под арх.бр.05-51/1 од 26.02.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/11
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

...УБЛИКА СЕВ...НА МАКЕДОНИЈА
О...ИНСКО...ОВНО УЧИЛИШТЕ
„МИТЕ БОГОЕВСКИ"
Бр. 05-51/1
26.02.2024 год.
РЕСЕН

# ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА
# ОУ" МИТЕ БОГОЕВСКИ" РЕСЕН

Во текот на 2023 училиштето има остварено вкупен приход по сите основи износ од 40 020 808 денари.Од блок дотација за 2023 година 39 969 817денари, од сметка самофинансирање вкупно 50 991 денари. Од вкупниот износ за плата се искористени 87% и за материјални 13%.
Материјалните средства за месец декември во износ од 1 657 000 денари не се доставени до училиштето од страна на нашите финансиери, во меѓувреме беа уредно доставени налозите во трезор со последна дата на извршување.

903- блок дотација

На ова сметка во текот на 2023 година има приход од 39 969 817 денари. Истите се искористени за плата 34 428 388 денари и за материјални 4 951 429 денари.
Платите се целосно исплатени за сите 60 вработени. Нето плата 22 889 509 денари данок 1 851 543денари , придонеси 9 621 787 денари.
–ПИО 6 460 261 денари
-Здраство 2 577 269 денари
-Професионално 171 857 денари
-Бработување 412 400 денари.
За прв пат оваа година исплатено е К-15 во износ од 590 000 денари, на износот платен данок во износ 65 549 денари.

Срествата за материјални трошоци се искористени за следните потреби-

421-Комунални услуги 3 348 586 денари

Со овие среста подмирени се следните трошоци на училиштето
-Струја 482 786 денари исплатено за цела 2023 година.
-Дрва 108 904 подмирен е трошокот за ова година и за дел од наредната година.
-Транспорт 42 176 денари за патни трошоци на вработените
-Пошта 7 024 денари целосно исплатена
-Гориво за превоз на учениците со школски автобус 148 812 денари целосно исплатен.
-Интернет 84 011 денари исплатена сумата за тековната година и дел за наредната .
-Нафта 2 312 607 денари набавена е нафта за цела 2023 година и обезбедена е резерва за почеток на второ полугодие.
-Вода 162 666 денари исплатена цела година и дел за наредната.
На контото 421 за месец декември изгубени се 1 431 000 денари, со што добро ќе беа обезбедени резерви за нафта, вода, дрва и други трошоци за 2024 година.

423-Ситен инвентар и материјали 188 000 денари

-Канцелариски материјали 74 016 денари подмирени целосно трошоците по овај основ
-Училишни материјали 71 920 денари за потребите на училиштето.
-Хигиена 21 845 денари набавени целосно срества за хигиена, сресства за дезинфекција, и слично.
-Наставно образовни помагала 20 720 денари, набавени средства за сензорната соба за деца со пречки во развојот.

424-Тековно одржување 907 927 денари

Со овие сресства извршени се следните поправки во училиштето-
-Набавени се средства за тековно одржување на училиштето, воедно објавен е и тендер за набавени се куќишта за стариот дел од училиштето за предметна настава.Исто така набавени се 4 обични табли зелени, 5 клупи со наслони, , извршена е поправка на стаклата на прозорците на поголем дел простории. Извршена е монтажа на соблекувални во салата за физичко образовани, опремена е канцеларија за дефектолог, и ред други работи.
-Дезинфекција 28 320 денари.
На оваа ставка изубени се окулу 156 000 денари со што да се има во предвид во наредната година во ова училиште да бидат одобрени повеќе средства.

425-Договорни услуги 162 630 денари
-Систематски прегледи 44 460 денари.
-Други договорни услуги 118 170 денари

426-Други расходи 89 909 денари
- Со овие сресства исплатени се огласите во училиштето 64 512 денари
-Други трошоци 25 397 денари

464-Разни трансвери 253 876 денари
-Исплатени се 3 отпремнини за пензионирање 207 804 денари.
-Други трансфери 46 072 денари.

На 903- сметката се водат основните сресва и ситниот инвентар, од страна на училиштето направен е попис, извршена е амортизација на основните сресства , додека ревалоризација не се врши коефициентот е негативен.

787- самофинансирање

Во текот на 2023 година на ова сметка остварен е приход од 50 991 денари .
Направени се следните трошоци, канцелариски материјали 19 229 денари, други трошоци 1 718 денари, тековно одржување 17 170 денари .Сумата од 12 884 денари е префрлена за наредна година.
Поголемиот дел на приходи се остварени од кирија од окулу 39 000 денари.

785-донаторка

На оваа сметка извршен е поврат на средства од 10 000 денари како вишок на неискористени средства префрлени во фондот за иновации и технолошки развој. И сметкака е затворена.

------------------------------------------------------------

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен

Се објавува Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/9
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен заведен под арх.бр.05-57/1 од 13.02.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/12
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
БР. 05-571/1
13.02. 2024 ГОД.
РЕСЕН

ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА
ОУ" ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"- РЕСЕН

Во текот на 2023 училиштето има остварено вкупен приход по сите основи 27 874 171 денари. Од нив 27 840 107 од блок дотација за 2023 година,, и 34 064 – од самофинансирање.Истите сресва училиштето ги има искористено за исплата на плати на вработените и тоа 85% и за материјални15%.
Материјалните средства за месец декември во износ од 653 000 денари не се доставени до училиштето од страна на нашите финансиери, во меѓувреме беа претходно уредно доставени налозите во трезор со последната дата на извршување.

903- блок дотација

Преку ова сметка училиштето има осварено приход за 2023 година 27 840 107 денари и тоа за плата 23 205 080 и за материјални 4 215 027 денари.
За прв пат оваа година исплатено е К-15 во износ од 420 000 за 42 вработени, на износот платен данок во износ 46 662.

Сресвата за плата се целосно подмирени за сите 42 вработени.
Исплатени се нето плати 15 440 734 денари, персонален данок 1 230 140, придонеси 6 487 544

- ПИО 4 355 953
- Здраство 1 737 736
- Професионално 115 821
- Вработување 278 034 денари.

Сресвата за материјални трошоци се потрошени на следниот начин

-421-Комунални услуги-2 193 505

-Со овие сресва подмирени се следните трошоци на училиштето-
- исплатена е струјата во износ од-483 372 . целосно заклучно со месец декември 2023 година, исто така исплатена е водата -180 000 денари и се однесува за наредниот период од 2024 година унапред заради што училиштето располага со доволно финансиски сресва.
-Нафта-1 276 499- набавени се 17 тони нафта за цела грејна сезона за 2023 година, без резерва за наредната 2024 година бидејќи набавката од 6 тона е откажана поради не добиени материјални средства за декември, исто така откажана е и набавката на дрва како резерва за нарената 2024 година.

-транспорт на луѓе-97 008 денари исплатени патните трошоци за вработените, за службено патување.
-телефон-33 389- целосно исплатен телефонот за ова година и за наредната година

-интернет-71 500 – изплатен е интернетот за 2023 година , вооедно се исплатени срества и за дел од наредната 2024 година.
-дрва- 51 837 набавени се дрва за двете подрачни училишта по 6 кубици за едно.

423-Ситен инвентар и материјали-210 421
-Канцелариски материјали-43 329 денари подмирени целосно трошоците по овај основ,
нагледни срества-124 247- набавени се телевизори 6 за прво и четрвто оделение, обични табли 2 за во поголемите одделенија, лап топ за канцеларија директор, греалки 6 како поддршка на парното греење за трети спрат.
-Хигиена- 31 385 денари со овие сретства целосно се подмирени потребите за хигиена и за набавка на сретства за дезинфекција.
-Училишни материјали-6 660 разни сретства како тонери, хартија хамери.
-Списанија 4 800 денари
Средствата на 423 се целосно искористени.

424-Тековно одржување-623 592 денари
-За тековно одржување потрошени се 535 272 денари. Со овие средства реновиран е третиот спрат комплетно, молирисување, стружењне и лакирање на паркет и ред други поправки во вкупно 7 училници.
Целосно направен кабинет по француски јазик, под од ламинат, ѕидовите претходно целосно оштетени, бидејќи просторот беше магацин и воедно комплетиран за држење на настава.Извршена е санација на одводот од надворешната страна на објектот.
-Префрлени средства од окулу 60 000 за опрема на кућишта на кабинет по информатика, а останатите средства во наредната година.
-Дезинфекција-28 320 денари извршена е дезинфекција на училиштето два пати годишно спрема стандарди.

-425-Договорни услуги- 793 611 денари
-Санитарни прегледи за вработените-21 600 денари.
-Превоз на учениците во износ 500 423 денари, комплетно платен превозот за 2023 година и унапред платен добар дел превоз за 2024 година
-Копирање, печатење и тонери и дел за кућишта за кабинет по информатика 76 700 денари.
-Договорни услуги 194 888 денари, бидејќи на време не беше пополнето работното место секретар, работните задачи беа платени со договорни услуги за неколку месеци, исто така и за работното место хигиеничар во с.Сопотско, и дел за сметководствени услуги како обука и надоградба за целосно извршување на работните задачи.Сето ова е поради немање на годишен план за 2023 година, неможност за вработување на четирите работни места.

426-Други расходи-83 459 денари
- Огласи за вработени-38 496 ,
- Трошоци за завршна сметка и друго 44 963.

464-Разни трансвери-310 439 денари

- Исплатени 3 отпремнини за пензионирање  за вработени што исполнуваат услови . Една солидарна исплата за починат работник и солидарна за член на семејство.

-На  - 903- сметката се водат сите основни срества и ситен инвентар, од страна на училиштето направен е попис, извршена амортизација  на сресвата со соодветни стапки, ревалоризација не се врши коефициентот е негативен.
Направен е расход на ситниот инвентар во износ од 2 144 денари во неколку кабинети, музичко, физика, математика, магацин и с.Сопотско.

787- самофинансирање

На ова сметка остварен е приход од 34 063 денари.
Расходи 1 395денари и сплатена е камата за плата за училиштетово.
Останатиот износ од 32 669 префрлен во наредна година.
Во овие средства влегуваат и 30 000 денари како погрешно префрлени за солидарна исплата на сметката 903.

Училишен одбор
Претседател

Директор

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Славејко Арсов’’ – с.Подмочани

Се објавува Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Славејко Арсов’’ – с.Подмочани, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/10 Градоначалник
14.03.2024 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ООУ ,,Славејко Арсов’’ – с. Подмочани, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ООУ ,,Славејко Арсов’’ – с. Подмочани заведен под арх.бр.05-82/1 од 26.02.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/13 Претседател
13.03.2024 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
СЛАВЕЈКО АРСОВ
Бр. 05-82/1
26.02.2024 год.
Подмочани Ресен

# ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА
# ОУ "СЛАВЕЈКО АРСОВ"- ПОДМОЧАНИ

Во текот 2023 година училиштето има остварено приход по сите основи 23 931 345 денари, од кој од блок дотација за 2023 година 23 929 961 од сопствени приходи 1 384 денари. Истите сресства се потрошени за плата 90% и за материјални 10 %.
Материјалните средства за месец декември во износ од 299 500 денари не се доставени до училиштето од страна на нашите финансиери, во меѓувреме беа уредно доставени налозите во трезор со последна дата на извршување.

-903-блок дотација

Преку ова сметка остварен е приход за 2023 година во износ од 23 929 961 денари и тоа за плати 21 197 934 денари и за материјални 2 362 027 денари.
За прв пат оваа година исплатено е К-15 во износ од 370 000 денари, на износот платен данок во износ 41 107.

Срествата за плати се целосно подмирени за 35 вработени. Исплатени се нето плати вкупно 14 096 387 денари, персонален данок 1 136 489 денари ,придонеси 5 923 951 денари и тоа
-ПИО 3 977 527 денари
-Здраство 1 586 766 денари
-Професионално 105 772 денари
-Вработување 253 886 денари.

Сресствата за материјални трошоци се потрошени на следниот начин:

421-Комунални услуги 797 794 денари

Со овие сресства подморени се следните трошоци во училиштето
-Струја 212 607 целосно исплатени фактурите по овај основ
-Дрва 366 200 набавени се дрва за цела грејна сезона а воедно има и залихи за во нареден период, исто така набавени се пелети за подрачното училиште во Асамати, и од нив има резерва за наредниот период.
-Пошта 15 077 целосно исплатени трошоците
-Телефон 8 129 редовно се исплаќани трошоците
-Интернет 52 250 целосно подмирени трошоците
-Транспорт 110 900 со овие сресства исплатени се патните трошоци за службено патување за сите вработени.
-Вода 32 631 училиштето редовно почнува да ги исплаќа трошоците месечно.
Со декемвриските пари можеше да биде покриен дел од трошокот за интернет, вода и други тросхоци за 2024 година.

423-Ситен инвентар и материјали 163 616 денари

-Канцелариски материјали 75 029 денари целосно исплатени фактурите за ова намена

-Нагледни средства 47 070 набавени се нагледни средства за потребите на училиштето како кош по физичко и друг дел од ситниот инвентар.
-Хигиена 41 517 денари со овие средства се набавуваа средства за хигиена и средствата се доволни за хигиената во училиштето да биде многу добра.

-424- Тековно одржување 363 483 денари

Со овие средства извршени се следните работи во училиштето
-Тековно одржување 278 919 денари со овие средства одржано редовното тековно одржување, поставени лед ламби во училиштето, набавени 6 компјутери за во настава, одржан и украсен дворот на училиштето.
-Дезинфекција 17 700 извршена е дезинфекција на училиштето.

-425-Договорни услуги 859 440 денари

-Превоз на ученици 698 905 денари целосно исплатен превозот за учениците заклучно со ноември 2023 година
-Правни услуги 54 179 денари за објавување на тендер , адвокатски услуги, и други услуги.
-Систематски прегледи 21 000,
-Копирање печатење 77 467 денари набавени тонери ,хартија и други материјали.
-Други договорни услуги 7 889 денари.

-426 Други трошоци 137 994

-Огласи 51 695 денари.
-Други трошоци 86 299 денари
- Исплатени се трошоците за завршна сметка, и други трошоци за училиштето.

-464- Други трансфери 39 700 денари

-Исплатени трошоци за потребите на училиштето, сметководствени услуги и сл.

- На 903- сметката се водат основните средства и ситниот инвентар во училиштето за што е направен попис извршена е амортизација со соодветни стапки, додека ревалоризација не се врши коефициентот е негативен.

-787-самофинансирање

На ова сметка ова година има приход од 1 384 денари како остаток од предходни години. Истото е префлено како салдо во наредна година.

Училиштето во текот на 2023 година има добиено донација како клима уреди за целото централно училиште и дел од пордарчните, затолувањето се префрлува од дрва на електрична енергија.

Директор
Себахат Шемшединовска

**11.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Царев Двор

Се објавува Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Царев Двор, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/11
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Царев Двор, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Царев Двор заведен под арх.бр.05-45/1 од 26.02.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/14
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 05-45/1
26.02.2024 год
Царев Двор Ресен

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА
# ООУ "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"- ЦАРЕВ ДВОР

Во текот на 2023 училиштето има остварено вкупен приход од 20 171 161 денари. Од кои од блок дотација за 2023 година-20 102 701 , од средства за самофинансирање- 68 460 - денари. Срествата се потрошени за исплата на плата 87% и за материјални 13%.
Материјалните средства за месец декември во износ од 214 000 денари не се доставени до училиштето од страна на нашите финансиери, во меѓувреме беа уредно доставени налозите во трезор со последна дата на извршување.

903- блок дотација

Преку ова сметка остварен е приход од 20 102 701 денари. Истите сресва се распоредени за плата 17 430 316 денари и за материјални 2 352 385 денари.
За прв пат оваа година испалетно е К-15 во износ од 320 000 денари за сите вработени и платен данок во износ од 35 552 денари.

Срествата за плата се целосно подмирени за сите вработени. Исплатени се нето плати 11 609 096 данок, персонален-915 090 денари, придонеси 4 870 578 и тоа
-ПИО 3 270 278
-Здраство 1 304 601
-Професионално 86 985
-Вработување 208 714.

Срествата за материјални трошоци се потрошени за следните потреби:

421-Комунални услуги- 967 606 денари

Со овие срества подмирени се следните трошоци на училиштето-
-Струја- 99 069 целосно исплатени фактурите заклучно со ноември 2023 година
-Дрва-290 374 набавени се дрва за цела грејна сезона , а воедно има и резерви за наредната година .
-Телефон- 2 939 исплатен целосно трошокот по овај основ
-Транспорт-18 303- исплатени трошоците за службено патување
-Пошта-2 479 исто така целосно подмирени трошоците
-Гориво- 240 000 за општинскиот автобус кој ги превезува учениците за ООУ„ Браќа Миладиновци" и ООУ„Мите Богоевски", и од овај износ се обезбедени бонови за наредната година .
- Вода-147 842 исплатена вода за цела 2023 година и дел претплата за наредната 2024 година.
Најголем дел од необезбедените материјални трошоци се во ставка 421.

423-Ситен инвентар и материјали-154 960 денари

-Канцелариски материјали-92 789 исплатени фактурите за ова намена,
-Нагледни сресва-60 067 набавени печатари 10, телевизор 1 за потребите на учениците.
-хигиена-2 104 потрошени во 2023 година, а воедно обезбедени унапред и за 2024година од друго конто.

424- Тековно одржување- 525 557денари

-Дезинфекција-28 320 извршена дезинфекција
-Тековно одржување-493 737 со овие средства направена е училница за престој на учениците што патуваат, извршена е поправка на училишната кујна од 63м2 поставена е бетонска кошулица, поставен е и ламинат на подот, сменета е дограмата, ѕидовите се молерисани, набавенае и бела табла за учениците.
Во централното училиште опшиени се олуците на целиот градежен објект, поставени се лед ламби, обезбедени се 4 нови ќумбиња за затоплување и ред поситни работи.

425- Договорни услуги-454 381 денари

-Санитарни прегледи за сите вработени-24 750
-Други договорни услуги-429 631, бидејќи училиштето нема редовно вработен секретар, благајник,архивар, работните задачи ги извршува со договор на дело преку цела година, од оваа ставка исплатени се и правни услуги за изработка на тендери, исплатени се сметководствени услуги, исплатен е и договор за ангажирање на стручно лице за БЗР за цела 2024 година, и други договорни услуги.

-426- Други трошоци-139 928 денари
-Огласи за потребите на вработени на определено време 18 588
-Други трошоци 121 340 исплатена завршна сметка, унапред платени за 2024 гидина материјали за училиштето, 2 компјутери
набавен фрижидер, 2 нови мијалници, и други трошоци,
-464-Разни трансвери-109 953
-Набавени иструменти за кабинет по музичко, мини клавир, гитара, и 2 мандолини

На сметката 903- се водат сите основни сресва и ситен инвентар за што училиштето има изготвено пописни листи исто така е извршена е амортизација на основните средства, ревалоризација не се врши коефициентот за ова година е негативен.

787- самофинансирање

-Во текот на 2023 година на ова сметка училиштето располага со сресва од 68 905 денари добиени по извршно решение. Направен е трошок за камата за плата 445 денари. Остатокот од 68 460 се префрлени како салдо во 2024 година.

Директор:

-----------------------

Јасмина Волкановски

**12.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Димитар Влахов'' – с.Љубојно

Се објавува Заклучокот по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Димитар Влахов'' – с.Љубојно, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/12
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ООУ ,,Димитар Влахов'' – с.Љубојно, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ООУ ,,Димитар Влахов'' – с.Љубојно заведен под арх.бр.05-18/1 од 19.02.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/15
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
ДИМИТАР ВЛАХОВ
Бр. 05-18/1
13.02.2024 год.
с.Љубојно,Ресен

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2023 ГОДИНА
# ОУ" ДИМИТАР-ВЛАХОВ"-ЉУБОЈНО

Во текот на 2023 година училиштето има остварено вкупен приход од 19 489 888 денари. Приходот е остварен од блок дотација за 2023 година 19 320 323 денари, од средствата за самофинансирање 169 565 денари. Истиот приход е искористен за исплата на плата на вработените и тоа 87% и за матреијални трошоци 13 %.
Материјалните средства за месец декември во износ од 813 500 денари не се доставени до училиштето од страна на нашите финансиери, во меѓувреме беа уредно доставени налозите во трезор со последна дата на извршување.

903- блок дотација

На ова сметка во текот на годината остварен е вкупен приход од 19 320 323 денари. Сумата е поделена на средства за плати 16 667 621денари, и за материјални 2 322 702 денари.
За прв пат оваа година исплатено е К-15 во износ од 330 000 денари, на износот платен е данок во износ од 36 663 денари.

Средствата за плата се целосно подмирени за сите вработени. Исплатена е нето плата во износ од 11 095 626 денари, персонален данок 878 702 денари, Придонеси 4 656 630 денари
-ПИО 3 126 597 денари
-Здраство 1 247 311 денари
-Професионално 83 175 денари
-Вработување 199 547 денари.

Средствата за материјални се потрошени на следниот начин:

421- Комунални услуги-1 126 023 денари

-Со овие средства подмирени се следните трошоци во училиштето
-Струја 126 061 со ова сума целосно се исплатени сметките заклучно со декември 2023 година
-Дрва 191 267 набавени дрва за цела грејна сезона
-Телефон 38 235 исплатен целосно
-Интернет 114 000 исплаетно за цела 2023додина и дел претплатено за 2024година.
-Нафта 592 960 подмирени целосно трошоците за ова намена а исто така обезбедена резерва за нареден период.
-Транспорт 60 500 исплатени трошоците за службено патување за сите вработени.
Во планот за декември остана неискористен дел за нафта од окулу 570 000 денари, со што ќе беше покриен голем ден за 2024 година.

423-Ситен инвентар и материјали 204 000 денари
-Канцелариски материјали 74 815 исплатени сите фактури по овај основ, и претплата за 2024 година.

-Хигиена 69 186 подмирени целосно потребите за хигиена за централното и сите подрачни училишта .
- Нагледни сред ства 59 999 набавени средства за потребите на учениците во сите подрачни и централното училиште, исто така набавен е и компјутер канцеларија директор.

424-Тековно одржување-226 000 денари
Со овие средства извршени се следните поправки
-Молерисани училниците, ходникот во централното училиште.
-Дезинфекција 16 000

- 425-Договорни услуги 440 679 денари
-Превоз на ученици 350 812 исплатен целосно превозот на учениците и дел претплата за 2024 година
-Санитарни прегледи 43 200 за сите вработени..
-Правни услуги 20 000 за објавување на тендери за набавка на нафта и дрва во училиштето, целосно исплатени услугите по овај основ.
-Други договорни услуги 26 667 сметководствени улуги и други договорни услуги.

426-Други расходи 90 000 денари
Со овие средства исплатени се огласите 52 714 за вработените на определено време и за избор на директор.
Други трошоци 37 286 , како завршна сметка и друго.

464-Други трансфери 236 000 денари
-Отпремнина за двајца вработени 137 456
-Други трансфери 98 544 за потребите на училиштето.

На сметката -903- се водат сите основни средства и ситен инвентар за што се изготвени пописни листи извршена амортизација на основните средства , ревалоризација не севрши коефициентот е негативен.

-787- самофинансирање-
На ова сметка обезбеден е приход од 272 350 денари . Во текот на 2023 година потрошени се 169 000 за тековно одржување на покривот во училиштето, 565 за камата за плата на вработените. Остатокот од 102 785 денари е префрлен за наредната година.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Општинско основно училиште ДИМИТАР ВЛАХОВ с.Љубојно,Ресен

**13.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Програмите за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор

Се објавува Заклучок по Програмите за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/13
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и бр.12-11297/1 од 15.10.2020 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако ги разгледа Програмите за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојуваат Програмите за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор, заведени под арх.бр.03-51/1 и бр.03-39/1,2 и 3 од 19.02.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/16
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 03-3913
19. 02 20 24 год.

# Програма за унапредување на

# [illegible]

# за учебната 2023/2024 година



# Програма за изведување на еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение

**1.**Врз основа на годишната програма за 2023/2024 година на О.У. ,,Браќа Миладиновци" С. Царев Двор, Ресен и во согласност со новиот правилник за изведување на екскурзиибр. 12-13487/1 од 19.11.2019 изработен од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија врз основа на член 42 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 ) **Стручниот тим за екскурзии формиран** со одлука од Училишниот одбор, а врз основа на член 6 став 4 од споменатиот Правилник за екскурзии ја изработи следнава **Програма за изведување на еднодневна** екскурзија со учениците од трето одделение.

**2. Воспитно образовни цели**

- Посети на локалитети и објекти од културно, историско значење;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата;
- Градење на чувство на припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;

- Запознавање на учениците со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно-историски објекти што ќе се посетуваат) за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;
- Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

Развивање на интерес за создавање навики за здраво оштествено живеење;

**3.Содржина наактивности**

Еднодневна екскурзија во Струга: во посета на Природнонаучниот музеј во градот Струга, Спомен домот на „Браќа Миладиновци" и Џамија „Мустафа Челеби," Манастрот „Св. Богородица" с. Калишта и посета на Аеродром во Охрид.
- Со посета на објектот Природнонаучен музеј, се развива интерес за природата и градење еколошки навики;
- Со посета на Спомен домот на „Браќа Миладиновци"се развива интерес за објекти од културно и историско значење;
- Со посета на верските објекти се запознаваат учениците со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава и примена на меѓуетничката интеграција во образованието;

**4.Одговорен наставник, вклучени наставници и ученици:**

За одговорен наставник на еднодневната екскурзија е назначена Димовска Сузана, одделенски раководител на трето одделение.

Раководител на екскурзијата : Димовска Сузана ____________ потпис

Наставници кои се вклучени во екскурзијата се:

Џенифер Ќазимовска,наставник во трето одд. О.У. с.Царев Двор,____________потпис

Благуна Тасевска наставник во трето одд. П.У. с.Стење ____________ потпис и

Мери Ѓоргиеска наставник во трето одд. П.У. с.Покрвеник____________ потпис

Екскурзијата ќе се изведува со учениците од македонските и турските паралелки.

Вкупен број на ученици: 15 ученици.

**5.Времетрање:**

Еднодневна екскурзија Мај 2024 – поаѓање во 08 часот, враќање во попладневните часови.

**6.Локации за посета и правци на патување:**

**Правци на патување:с. Царев Двор – Струга – с. Калишта – Охрид -с. ЦаревДвор**

Локации за посета:Тргнување во 8 часот од с. Царев Двор – посета на Природно научниот музеј, Спомен домот на „Браќа Миладиновци"и Џамија „Мустафа Челеби" во Струга, Манастрот „Св. Богородица" с. Калишта, посета на Аеродром во Охрид и потоа враќање во попладневните часови.

**7. Техничка организација**

Екскурзијата ќе биде изведена со туристичка агенција која ќе биде избрана согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии согласно член 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27.

**8.Начин на финансирање:**

Средствата за екскурзијата ги обезбедуваат родителите на учениците.

Екскурзијата ќе ја финансираатродителите на учениците со исплаќање во готово (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите (старателите). Бројот на учениците ќе се утврди во договорот.

**9. Извештај за реализација на екскурзијата:**

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии член 28 став 2. После изведената екскурзија, а најдоцна во рок од три дена, од стручниот тим ќе биде подготвен извештај со оценка за реализацијата, кој ќе биде даден на разгледување до Наставничкоит совет и Советот на родители и даден на усвојување до Училишниот одбор.

**10. Активностипоизведенатаекскурзија:**

Учениците преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се искажат за доживувањата од екскурзијата и ќе илустрираат свои впечатоци .

**Одговорен наставник:**

____________________

**Сузана Димовска**

**Директор**

____________________

**Јасмина Волкановски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 03-39/2
19.02 20 24 год.
Царев Двор Ресен

ООУ`Браќа Миладиновци“ Царев Двор, Ресен



Програма за изведување на дводневна

екскурзија со ученици од 6 (шесто) одделение во учебната

2023/24 година

Царев Двор, Февруари 2024 год.

**ПРОГРАМА**

**Екскурзија со ученици од 6-то одд. 2024 г.**

Врз основа на Годишната програма за 2023/2024 година на ООУ `Браќа Миладиновци" Царев Двор, Ресен и во согласност правилникот за изведување на екскурзии и излети бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование и наука, врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии и излети формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 став 1 од споменатиот правилник за екскурзии и излети, ја изработи следнава Програма за изведување екскурзија на учениците од VI одделение.

Согласно член 3 и член 4 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите слободни активности на учениците од основните училишта, излетот ги опфаќа следните цели и задачи:

**1.Воспитно-образовни цели**

Совладување и проширување на знаењата,примена на вештини ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно образовната работа на училиштето.

**2. Задачи**

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- релизирање на средби со луѓето во одделни краеви за запознавање со културата и начинот на живеење
- градење чувство на патриотизам,толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности;
- потикнување иманифестирање на позитивни емоции;
- социјализација ,колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.
- развивање на спортски активности, рекреација за создавање навики за здраво живеење.

**3. Содржини и активности**

- Посета на културно историски објекти –Стоби
- Разгледување на капацитети –Хец-Тиквеш
- Посета и разгледување на Вардарски рид, Колешински водопади, Скопско кале, Црква Св.Спас, Музеј на македонска борба, Спомен куќа на Мајка Тереза
- посета на Манастир Св.`Леонтиј" Водоча
- Образовно научни содржини – Предавање од страна на туристички водичи и наставниците при посета на локалитети.

- Запознавање со природните карактеристики на Република Македонија – котлини и

планини во Повардарие и Источна Македонија, текот на река Вардар и климата во Повардарие и Источна Македонија
- Посета и разгледување на селски и градски населби во источна Македонија, запознавање со културноисториски споменици и знаменитости
- Запознавање со стопански дејности со кои што се занивамаат лугето од Повардарие и Источна Македонија

### 3. Раководител, наставници, ученици

Дводневна екскурзија се организира со учениците од 6-то одделение од ООУ `Браќа Миладиновци" Царев Двор, Ресен.
Раководител на екскурзијата е назначен Илија Јаневски, одделенски раководител на 6-то одд.
Раководител Илија Јаневски ________________ (потпис)
Наставници присутни на екскурзијата :
1.Јасмина Волкановски – Директор ________________
2.Аница Соколевска – Класен раководител ________________
3.Цара Сековска – Класен раководител ________________
4.Жанета Савевска - Класен раководител ________________

### 4. Времетраење

Времетраење на ученичката екскурзија - дводневна екскурзија со едно ноќевање. Екскурзијата е планирано да се организира во месец Мај-Јуни.

### 5. Локација за посети и правци на патување

**Прв ден**- Тргнување во 8,00 часот од Ресен преку Битола, се продолжува за Кавадарци со попатна посета на Стоби и ХЕЦ Тиквеш. Потоа се продолжува преку вардарски рид за Гевгелија, каде ќе има ручек. По ручекот се продолжува за Струмица со посета на Колешински водопади и манастирски комплекс Св.Леонтиј – Водоча. Вечера и ноќевање во Струмица.

**Втор ден**-Појадок и тргнување за Скопје со посета на Скопско Кале, Св.Спас, Музеј на македонска борба, Спомен куќа на Мајка Тереза. Ручек, враќање преку Велес, Прилеп, Битола пристигнување во Ресен во вечерните часови.

### 6. Техничка организација

Техничката организација се изведува во согласност со членовите 17,18,19,21,22,23,24,25,26,27 од важечкиот Правилник за организација и изведување на ученички екскурзии.

### 7. Начин на финансирање-

Екскурзијата ќе ја финансираат учениците со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните срдства ке се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите).

### 8. Извештај за реализација на екскурзијата

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии најдоцна во рок од три дена стручниот тим ке поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот ќе биде разгледан на Наставнички совет и Советот на родители, а ќе биде усвоен од Училишниот одбор.

Одделенските раководители ке ги запознаат Родителите со извештајот на родителски состаноци.

Програмата ја изработи стручен тим (комисија):

1.Јасмина Волкановски – Директор ____________
2.Аница Соколевска – Класен раководител ____________
3.Цара Сековска – Класен раководител ____________
4.Жанета Савевска - Класен раководител ____________

Директор:
Јасмина Волкановски
____________
Печат и потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 03-39/1
19.02.2024 год.
Царев Двор Ресен

ООУ„Браќа Миладиновци" Царев Двор, Ресен



# Програма за изведување на тродневна екскурзија со ученици од 9 (деветто) одделение во учебната 2023/24 година

Царев Двор, Февруари 2024 год.

## ПРОГРАМА

### Екскурзија со ученици од 9-то одд. 2024 год.

Врз основа на Годишната програма за 2023/2024 година на ООУ „Браќа Миладиновци" Царев Двор, Ресен и во согласност со правилникот за изведување на екскурзии и излети бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование и наука, врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзи и излети формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 став 1 од споменатиот правилник за екскурзии и излети, ја изработи следнава Програма за изведување екскурзија на учениците од IX одделение

Согласно член 3 и член 4 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите слободни активности на учениците од основните училишта, излетот ги опфаќа следните цели и задачи:

**1.Воспитно-образовни цели**

Совладување и проширување на знаењата, примена на вештини ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно образовната работа на училиштето.

**2. Задачи**

-изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во
општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- релизирање на средби со луѓето во одделни краеви за запознавање со културата и начинот на живеење
- градење чувство на патриотизам,толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности;
- потикнување иманифестирање на позитивни емоции;
- социјализација ,колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

- развивање на спортски активности, рекреација за создавање навики за здраво живеење.

## 3. Содржини и активности

- Културно историските објекти во Република Македонија – Стоби
- Капацитет на Хец-Тиквеш
- Посета и разгледување на Вардарски рид, Колешински водопади, Виничко кале, Лесновски Манастир, Природно научен музеј, ЗОО, Аеродром Скопје, Музеј на град Штип, Баргала, Исар
- посета на Манастир Св.„Леонтиј" Водоча
- Образовно научни содржини – Предавање од страна на туристички водичи и наставниците при посета на локалитети.

  - Запознавање со природните карактеристики на Република Македонија – котлини и планини во Повардарие и Источна Македонија, текот на река Вардар и климата во Повардарие и Источна Македонија
  - Посета и разгледување на селски и градски населби во источна Македонија, запознавање со културноисториски споменици и знаменитости
  - Запознавање со стопански дејности со кои што се занивавaaт лугето од Повардарие и Источна Македонија

## 3. Раководител, наставници, ученици

Три дневна екскурзија се организира со учениците од 9 (завршно) одделение од ООУ„Браќа Миладиновци" Царев Двор, Ресен .
Раководител на екскурзијата е назначена Аница Соколевска, одделенски раководител на IX одд.
Раководител на екскурзијата: Аница Соколевска одд.раководител на 9-то
_____________потпис
Други наставници вклучени во екскурзијата:
1.Јасмина Волкановски – Директор ___________
2.Цара Сековска – Класен раководител ________
3.Жанета Савевска - Класен раководител ________

## 4. Времетраење

Времетраење на ученичката екскурзија – Тридневна екскурзија со две ноќевања. Екскурзијата е планирано да се организира во месец Мај-Јуни.

## 5. Локација за посети и правци на патување

**Прв ден**- Тргнување во 8,00 часот од Ресен преку Битола, се продолжува за Кавадарци со посета на ХЕЦ Тиквеш и Стоби. Се продолжува за Гевгелија преку Вардарски рид, ручек во Гевгелија. После ручекот се продолжува за Струмица, со посета на Колешински водопади и Водоча. Вечера и ноќевање во Струмица.

**Втор ден** - Појадок и тргнување од Струмица во утринските часови, продолжување на патувањето за Штип со посета на Музеј на град Штип, Баргала, Исар. Ручек во Штип, па продолжување према Пробиштип, со посета на Лесновскиот Манастир. Се продолжува за Кочани и Виница со посета на Виничко кале и Музејот на Теракота, вечера во Виница и ноќевање.

**Трет ден**- Појадок во Виница, продолжување према Скопје , посети на природно-научниот музеј, ЗОО, Аеродром. Ручек и враќање преку Велес, Прилеп, Битола пристигнување во Ресен во вечерните часови.

## 6. Техничка организација

Техничката организација се изведува во согласност со членовите 17,18,19,21,22,23,24,25,26,27 од важечкиот правилник за организација и изведување на ученички екскурзии.

## 7. Начин на финансирање-

Екскурзијата ќе ја финансираат учениците со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите).

## 8. Извештај за реализација на екскурзијата

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии најдоцна во рок од три дена стручниот тим ке поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот ќе биде разгледан на Наставнички совет и Советот на родители, а ќе биде усвоен од Училишниот одбор.

Одделенските раководители ке ги запознаат Родителите со извештајот на родителски состаноци.

Програмата ја изработи стручен тим (комисија):

1.Јасмина Волкановски – Директор ________

2.Аница Соколевска – Класен раководител ________

3.Цара Сековска – Класен раководител ______

4.Жанета Савевска - Класен раководител ______

Директор:
Јасмина Волкановски

______

**14.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Програми за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Димитар Влахов – с.Љубојно

Се објавува Заклучок по Програми за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Димитар Влахов – с.Љубојно, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/14 — Градоначалник
14.03.2024 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и бр.12-11297/1 од 15.10.2020 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако ги разгледа Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Димитар Влахов – с.Љубојно, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојуваат Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Димитар Влахов – с.Љубојно, заведен под арх.бр.09-44/1 од 07.03.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/17 — Претседател
13.03.2024 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
ДИМИТАР ВЛАХОВ
Бр. 09-20/2
22 02 2024 год.
с.Љубојно,Ресен

ООУ„ Димитар Влахов“
с.Љубојно-Ресен

# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈА
## со учениците од трето одделение

***февруари 2024 година***

## *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ*

### ***Програма за изведување на еднодневна екскурзија во трето одделение во учебната 2023/2024 година***

Врз основа на Годишната програма за 2023/2024 година на ООУ„Димитар Влахов " с.Љубојно - Ресен, и во согласност со Правилникот за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од споменатиот правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во трето одделение.

Со наставно- научната екскурзија ќе бидат опфатени учениците од III одделение.

### ***Воспитно - образовни цели:***

- да се прошират и продлабочување на одредени знаења од одделни воспитно- образовни подрачја и наставни предмети;
- примена на вештини и ставови преку запознавање на појавите, културно - историски знаменитости, научни институции, индустриски и земјоделски капацитети и други објекти од општествената средина кои што се во согласност со воспитно- образовната работа на училиштето.
- рекреативен карактер
- стекнување на нови пријателства
- директно/непосредно запознавање на учениците со објекти од локалната средина
- согледување на влијанието на човекот врз природата и објектите
- развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

### ***Целите на екскурзијата се остваруваат преку:***

- истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- посети на локалитети и објекти од културно историско и друго значење;
- развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
- градење на чувство на припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- запознавање на учениците со културата на различните етички заедници што живеат во нашата држава( преку изборот на културно- историски објекти што ќе се посетуваат), за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;

- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуствоза осамостојување и грижа за себе и
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

### *Содржини и активности:*

- Посета на културно – историски објекти ( спомен куќата на Тодор Проески, споменик „Македониум“,споменик „Мечкин Камен“, црква Свети Никола, галерија на Никола Мартиновски, Манастир „Свети Архангел Михаил“- Варош )
- Рекреација при разгледување на природни знаменитости и локалитети
- Забавно – рекреативни активности во текот на изведувањето на екскурзијата (меѓусебно дружење, песна и музика и сл.)
- Образовно-научни содржини ( информативни предавања од страна на туристичките водичи и наставниците при посетата на сите погоре наведени локалитети).

### *Раководителот, наставниците и учениците*

- За раководител на екскурзијата е назначена Натали Шутурковска -како одделенски раководител на 3то - одд.
- Број на ученици кои се пријавиле за одење на екскурзија -15
- Екскурзијата се организира за учениците од 3 одд.

### *Времетраење на ученичката екскурзијата*

- Еднодневна екскурзија . (Се планира за месец мај/јуни)

### *Локации за посета и правци на патување*

Во месец Мај започнуваме со обработување на земјата припрема за садење на цвекиње во центарот на градот односно во гратскиот парк,се поставија 157(стопеесет и седум) корења на питувии кои се распоредија на канделабрите каде се поставени обрачи за саксии, на ул.„Мите Богоевски“, плтоштадот и во јаболкото.



Се врши мачкање на липите и прскање со пестициди за заштита на дрјавата.



■ Во текот на пролета и летото одделението на Јавна чистота редовно ги косеше улиците од Прв,Втор и Трет приоритет кои се опфатени со програмата„пакрковите на ул.„Ленинова',паркот во населба„ Црквиште“ ,споменициите на панднати борци во с.Златари,с.Крушје,с.Царев Двор,Отешево и гратските гробиштат на град Ресен.

Есента е период на собирање на лисјата од паркот и улиците:„Ленинова„Јосиф Јосифовски„Борис Кидрич„29-ти Ноември“,и делот кај Агроплод.

Во соработка со Агенција за вработување и Општина Ресен ангажирани се сезонски лица за работа во Одделението за Јавна Чистота кои се ангажирани за работа на терен .Во прилог ви го доставуваме Извештаите за работа на сезонските работници.

**Изготвил:**

Вики Рабаџиевска

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

**ЈКП„Пролетер“-Ресен**

**в.д. Директор**

Спец по Екон Марчел Косентино Русу

**ЈКП “ПРОЛЕТЕР” - РЕСЕН**
Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР“
Бр. 01-425
10.10.2023 година

**До**
**Агенција за Вработување**
**Ул.„Иво Лола Рибар“ бб**
**Ресен**

**Предмет: Извештај за работа на Сезонски работници во ЈКП„Пролетер“**

Во соработка со Агенцијата за Вработување и Општина Ресен, ангажирани се **12(дванаесет)** лица за работа во Одделението на Комунална Хигиена и Јавна Чистота при ЈКП„Пролетер“.

За работните актвности на ангажираните лица се обезбеди:

- **соодветен елек во зелена боја со трака бидејќи работат на терен односно сообраќајници**
- **нараквици**
- **алати**

Исто така се води и Дневник за евиденција на редовност во кој уредно се потпишуваат.

Дел од работниците извршуваа подигнување на отпад од домаќинства заедно со екипите на Одделението на Комунална Хигиена, а останатите ги извршуваа следните активности:

- **Метење на улиците и тротоарите од Прв, Втор и Трет приоритет**

-ул.„29-ти Ноември“(од Агроплод до раскрсница со ул.„Борис Кидрич“) косење на тревата,метење на тротоарот и на улицата,

-ул.„Ленинова“ косење и метење на улицата и тротоарот,

-ул.„Борис Кидрич“ косење и метење на улицата,неколку пати ринење на наноси од земја после врнежи,

-ул.„Корчуланска“ (од МВР до Шумско) косење на тревата,метење на улицата и тротоарот,косење на детското паркче,

-ул.„Наум Божиновски“ (од Нептун до Живинарска фарма) косење и метење на улицата,

-ул.„Обиколна“ сечење на гранките кои пречат во движењето на возилата,косење и метење на улицата,

-ул.„Јосиф Јосифовски“ метење на улицата, ринење на земјата од наносите после врнежите,

-Населба Црквиште косење на паркчето,

-ул.„Иво Лола Рибар“ косење и метење

-ул.„Коле Неделковски“ метење на улицата

**ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН**
Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-425
10.10.2023 година

**До**
**Општина Ресен**
**Плоштад Цар Самоил**

**Предмет: Извештај за работа на Сезонски работници во ЈКП„Пролетер"**

Во соработка со Агенцијата за Вработување и Општина Ресен, ангажирани се **12(дванаесет)** лица за работа во Одделението на Комунална Хигиена и Јавна Чистота при ЈКП„Пролетер".
За работните актвности на ангажираните лица се обезбеди:

- **соодветен елек во зелена боја со трака бидејќи работат на терен односно сообраќајници**
- **нараквици**
- **алати**

Исто така се води и Дневник за евиденција на редовност во кој уредно се потпишуваат.
Дел од работниците извршуваа подигнување на отпад од домаќинства заедно со екипите на Одделението на Комунална Хигиена, а останатите ги извршуваа следните активности:

> **Метење на улиците и тротоарите од Прв, Втор и Трет приоритет**

-ул.„29-ти Ноември"(од Агроплод до раскрсница со ул.„Борис Кидрич") косење на тревата,метење на тротоарот и на улицата,

-ул.„Ленинова" косење и метење на улицата и тротоарот,

-ул.„Борис Кидрич" косење и метење на улицата,неколку пати ринење на наноси од земја после врнежи,

-ул.„Корчуланска" (од МВР до Шумско) косење на тревата,метење на улицата и тротоарот,косење на детското паркче,

-ул.„Наум Божиновски" (од Нептун до Живинарска фарма) косење и метење на улицата,

-ул.„Обиколна" сечење на гранките кои пречат во движењето на возилата,косење и метење на улицата,

-ул.„11 ти Октомври" косење,метење

-ул.„4 та" (Позади Кам) кастрење на дрвата кои го попречуваа движењето на возилата и метење

- Сечење на дрва во дворот на градските гробишта кои беа стари и предизвикуваа опасност од оштетување на спомениците.

-Учествување во Акција за чистење кај плажа „КОНЕКТ" Сливница.

Во прилог следат слики од терен и Дневникот за евиденција на редовност.





















**17.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Извештајот за работата на градските гробишта во Ресен во 2023 година

Се објавува Заклучок по Извештајот за работата на градските гробишта во Ресен во 2023 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/17 Градоначалник
14.03.2024 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Извештајот за работата на градските гробишта во Ресен во 2023 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Извештајот за работата на градските гробишта во Ресен во 2023 година, заведен под арх.бр.01-127 од 04.03.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/20 Претседател
13.03.2024 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**ЈКП “ПРОЛЕТЕР” - РЕСЕН**

Тел: 047/451-643; факс:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР“
Бр. 01-127
04.03.2024 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 05.03.2024
Организациона единица: 08 | Број: 655/4 | Прилог: | Вредност:

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА ВО РЕСЕН ВО 2023 ГОДИНА




Февруари 2024

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

Една од дејностите на Јавното Комунално Претпријатие Пролетер од Ресен е и одржувањето на градските гробишта во Ресен.

Градските гробишта Ресен се објект од јавен интерес каде што се врши погребување на покојните и извршување на верски обреди. Од тука се налага потребата за нивно постојано одржување и уредување.

Во текот на 2023 година од страна на Јавното Комунално Претпријатие Пролетер од Ресен беа превземени потребните мерки за одржување на градските гробишта:

- редовно изнесување на отпадот. За оваа цел се поставени контејнери од 1 $м^3$ и празни буриња кои беа навремено изнесувани од страна на ЈКП Пролетер - Ресен.
- косење на тревата кое во текот на 2023 година се изврши три пати
- кастрење, односно сечење на дрвјата во целост кои се наоѓаат во гробиштата и кои претставуваат опасност да направат штета на надгробните споменици
- редовно чистење на гробиштата од косената трева, лисја, градежен шут кој останува по изведба на споменици, хартија, пластика, стари венци и друг отпад.
- одржување на патеките во градските гробишта.
- одржување на водоводната мрежа во гробиштата
- во зимскиот период се вршеше и редовно чистење на снегот, дел машински, а дел рачно.














Во текот на 2023 година беше извршено доделување на користење на истата од страна на Општина Ресен на ЈКП и се распиша тендер за доуредување на овој нов дел од гробиштата. Планираме да направиме измена во однос на продавање на гробните места, со тоа што ќе се продаваат гробни места со бетонски рамки веќе изготвени. Целта ни е да се подобри ликот на градските гробишта, да се воспостави ред во однос на изведба на споменицките, да се направат пешачки патеки и хортикултурно уредување.

ЈКП Пролетер - Ресен согласно законот за "Гробишта и пограбални услуги" има склучено договор со еден погребален оператор од градот Ресен. Во текот на 2023 година во гробиштата се извршени вкупно 58 погреби. Од нив 48 се извршени во стари постоечки гробни места, а 10 се нови гробни места.

Во делот на финансиите за 2023 година претпријатието оствари приход на име одржување на гробно место во износ од 695061 денари, приход од продажба на ново гробно место 65000 денари, пристап на градските гробишта 57000 денари, користење на инфрастуктура 5932 денари и извршена административна услуга 13900 денари. Додека пак расходи во висина од 554996денари.

За во иднина исто така останувуваат одредени проблеми кои треба да се решат во работата на гробиштата, како што се:

- проблемот со изведувачите на надгробни споменици кои не ги подмируваат своите обврски према претпријатието за користење на инфраструктурата. Со цел да избегнат плаќање вообичаено доаѓаат во време на викенд или после работното време.

- Уредување на новиот дел од гробиштата.

- Изградба на влезна порта на влезот од паркингот.

- Изградба на влезна порта или ограда на горниот дел на гробиштата со цел да се оневозможи пристап на економски оператори кои не ги подмируваат своите обврски према ЈКП.

- Пронаоѓање и стапување во контакт со роднини на покојни кои се погребани во гробиштата со цел наплата за одржување на стари гробни места кои не се наплаќаат.

Изработил: Јоновска Христина

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен I ОП

ЈКП "Пролетер" – Ресен
в.д. Директор

Марчел Косентино Русу

**18.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Извештајот за работата на системот за пречистување на отпадни води во 2023 година

Се објавува Заклучок по Извештајот за работата на системот за пречистување на отпадни води во 2023 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/18
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Извештајот за работата на системот за пречистување на отпадни води во 2023 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Извештајот за работата на системот за пречистување на отпадни води во 2023 година, заведен под арх.бр.01-125 од 04.03.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/21
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com


ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-125
04.03.2024 год.

РЕПУБЛИКА ... МАКЕДОНИЈА
Примено: 05.03.2024
Организ. ед. | Број | Прилог | Вредност
08 | 635/5 | |

# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА СИСТЕМОТ ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ
ВО 2023 ГОДИНА



Јануари 2024

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

Преспанското Езеро е големо природно богатство кое се наоѓа на територијата на Општина Ресен. Поради ова неговата заштита и заштитата на животната средина е важна функција на Пречистителна Станица Езерени. Пречистителна Станица Езерени е во состав на Јавното Комунално Претпријатие Пролетер и претставува дел од Одделението за канализација и прочистување на отпадни води.

Пречистителната Станица Езерени се наоѓа јужно од градот Ресен на оддалеченост од околу 10 километри од градот односно оддалечена е околу 1 километар од селото Езерени.

Во станицата се влеваат отпадните фекални води од градот Ресен, и селата Јанковец, Царев Двор, Езерени, Горна Бела Црква и Долна Бела Црква и каде се врши нивно прочистување. Приклучени се според проценките приближно 10.000 жители.

Со огледна тоа дека станицата има проектиран капацитет од 12.000 еквивалент жители и максимум хидраулично оптоварување од 96 литри во секунда може да се каже дека постои простор за дополнително приклучување на нови корисници. Исто така постојат студии за ако има потреба таа да се прошири и да се зголеми нејзиниот капацитет.

По пречистувањето во станицата пречистените води се испуштаат во Езеренското Блато. Поради оваа своја функција Пречистителна Станица Езерени е еден од позначајните капитални објекти во Општина Ресен. Таа врши голема улога во заштитата на животната средина и Преспанското Езеро од загадување како и зачувувње на здравјето на локалното население.

Во 2023 година работата на пречистителната станица се одвиваше доста успешно при што сепак имаше одредени потешкотии. Во месец Мај беше прегорен миксерот во едниот блок по што беше испратен на сервис кај надворешни лица. Сепак ова не доведе до застој на работата бидејки чистењето на отпадните води беше пренасочено во другиот биоблок се додека миксерот не беше саниран и ставен во употреба.

Исто така во месец Јуни се случи хаварија на автоматската решетката но со вредна работа и залагање на вработените во станицата таа беше поправена и вратена назад во употреба.

Во текот на 2023 година навремено се извршуваа редовни задачи поврзани во одржувањето на опремата во станицата како што се:

- дополнување на масло во компресори;
- редовно чистење на влезните решетки од ПС Езерени;
- косење и одржување на тревата и зеленилото во кругот на станицата;
- следење на работата и навремено отстранување на дефекти на опремата;

Како и во претходниот период исто така и во 2023 година голем проблем во работата претставува тоа што атмосферски води се мешаат со фекалните води во фекалната канализација што при обилни врнежи дополнително ја оптоварува

станицата. Проценката е дека атмосферските и подземните води сочинуваат поголем дел од вкупната вода која се прочистува во ПС Езерени која може да достигне и повеќе од 2/3.

При обилни врнежи исто така во станицата влегуваат и големи количини песок кој предизвикува оштетување на опремата и други проблеми во работата и нормалното функционирање.

За рашавање на овај проблем треба да се работи на одвојување на атмосферската од фекалната канализација.

Во текот на 2023 година во Пречистителната Станица Езерени се прочистени приближно 770.000 $м^3$ отпадни води, меѓутоа мора да се спомене дека поголемиот дел од овие води се атмосферски води и подземни води кои се прелеваат во фекалната канализација. За споредба во текот на 2023 на корисниците се фактурирани 369.925 $м^3$ отпадни води.

Ова најчесто се случува при врнежи во кој случај водите кои пристигнуваат до станицата го надминуваат капацитетот и затоа дел од нив се испуштаат низ бајпас.

Во текот на 2023 година во сушните полиња се 1000 $м^3$ вишок муљ што по сушењето во полињата би се добило еквивалентно околу 35 $м^3$ сува материја. Сувата материја понатаму може да се користи во земјоделството и за производство на компост.

Изработил: Волкановски Ѓорги

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен ЦО

ЈКП "Пролетер" – Ресен
в.д. Директор

Спец. за Екон. Марчел Косентино Русу

**19.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за одржување на комунална хигиена за 2023 година

Се објавува Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за одржување на комунална хигиена за 2023 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/19
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за одржување на комунална хигиена за 2023 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за одржување на комунална хигиена за 2023 година, заведен под арх.бр.01-122 од 04.03.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/22
13.03.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено: | 05.03.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организац. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 635/2 | | |

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-122
04.03.2024 год.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА ЗА 2023 ГОДИНА




Февруари 2024 год

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен ОЦ

Со понудената програма за управување со отпадот е утврдена динамика на изнесување секојдневно во централното градско подрачје и еднаш неделно во другите делови на градот и рурални средини . За да се реализира успешно оваа динамика целото опфатено подрачје е поделено на три реони. Секој реон има точно утврден ден на собирање и изнесување, а критериум за нивно димензионирање се; бројот на домакинствата и територијалната поврзаност на населените места.

Одделението на Комунална Хигиена се состои од:

- едно одговорно лице ,
- 10(десет) изнесувачи на отпад,
- 5(пет) шофери ангажирани за управување со специјални возила за управување со отпад „автосмеќари"и
- 2(два)механичари.

За подигнување на сметот Одделението на Комунална Хигиена работи со четири специјални возила за собирање на отпад а за изнесување на контејнерите од 5-7 м3 се користи едно возило автоподигач,додека за работа на депонија булдужер.Секое возило е опслужувано од возач и по двајца работници, во летен период поради зголемување на отпадот се зголемува и бројот на работници.

Собирањето и транспортирањето се врши од садови за времено складирање и одлагање се врши од пластични канти од 120 литри, од контејнери од 1,100 литри а кај колетивните згради од 1,100литри кои се поставени на ЈПП ги одредуваат надлежните органи.

Март и Априле се месеци кога се зголемува градинасркиот отпад поради расчистуване на градинити и дворовите и поради тоа покрај контејнерите најчесто се остава голема количина на гранки,дрвја а можи да се сретни и отапд од домакинства како кујни,кревети,за расчистување на овај вид на отпад комунална хиена организираше чистење со механизацијата со која располага, багер,трактор и специјално возило подигач.

Како услуга Одделението на комунална хигиена нуди подигнување на Кабаст отпад,Градежен шут,Комунален отпад,Градинарски отпад во зависност од барњето на граѓаните, нудиме изнесување со трактор и изнесување со контејнер од 5-7 тона кој се наплаќа согласни ценовникот на претпријатието.






Во летниот период динамиката на изнесување на отпад се зголемува заклучно од месец Јуни се воведува подигнување на отпадот од туристичките места по три пати во неделата во деновите Понеделник,Среда и Петок поради потребите на угостителските објекти,зголемениот број на плажите и на туристите.

Поради зголемениот број на посетители во туристичките места и вилски населби се зголемува и обемот на отпадот за жал многу викендаши немаат соодвенти садови за отпад ги користат само контејнерите кои ги имаме поставено во селата а не се доволни и се подигнуваат со динамиката од едмаш неделно и се јавуваат покрај контеј диви депонии кои одземаат многу време за чистење.





с.Љубојно Ресен

с.Долно Дупени Ресен

Како комунално претпријатие Одделението на Комунална Хигиена учествуваме во чистење на диви депонии во акциите за подигнување на свеста на граѓаните преку невладините еколошки здруженија „Еко Герила“, заедно со општина Ресен се расчистуваше покрај угостителските објекти во т.н. Претор,пешачката патека која води од т.н.Претор до Сливница,како и патеката во с.Стење.Во делот на селекција на отпадот оваа год се започна и со селектирање на Електронски отпад со поставување на контејнери низ гратското подрачје.

Во оваа година селото Претор се приклучи во динамиката на изнесување на отпад,меѓутоа од наша страна се посетени и селата Кривени,Евла,Златари и Крушје каде се разговараше за начинот на подигнување на отпадот и услугите кои ние ги нудиме во истиот,за целосна реализација потребно е и од месните заедници да се достават списоци за бројот на постојани жители и барање од нивна страна за да можиме да започниме со подигнувањето.Во наредната година се очеува зголемување на ова бројка, односно поголема покриеност.

ЈКП „ПРОЛЕТЕР“ согласно законот за управување со отпад секоја година изработува план и програма за управување со отпад која ја доставува до Градоначалник на Општина Ресен и до Министерство за Животна Средина.Едногодишната програма претставува основен документ за планирање на идните активности во текот на годината на подрачјето на општина Ресен.Целта беше на организиран начин да се решат проблемите со разновидните количини на отпад како не би дошло до загадување на животната средина.

**Изготвил:**

Вики Рабациевска

**ЈКП„Пролетер“-Ресен**
**в.д. Директор**

Спец по Екон Марчел Косентино Русу

**20.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Извештај за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2023 година

Се објавува Заклучокот по Извештај за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2023 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/20 — Градоначалник
14.03.2024 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Извештај за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2023 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Извештај за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2023 година, заведен под арх.бр.01-126 од 04.03.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/23 — Претседател
13.03.2024 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-126
04.03.2024 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 05.03.2024
08 | 635/6

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ГРАДСКИОТ ПАЗАР ВО РЕСЕН ВО 2023 ГОДИНА



Февруари 2024

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен ОП

Како една од седумте дејности во склоп на работењето на ЈКП Пролетер е и раководењето со Градскиот пазар кој е еден значаен објект од делокругот на работењето. На овој пазар лоциран во централното градско подрачје жителите на Преспа, продаваат и купуваат земјоделски производи.

Во текот на 2023 година редовно е одржувана хигиената со метење, миење и отстранување на комуналниот отпад на Градскиот пазар.

Како новина за подобрување на условите на пазарот за корисниците е и набавката и монтажа на тоалети кои беа поставени во склоп на пазарот.

Во делот на финансиите за 2023 година на Градскиот пазар од корисниците на тезги е наплатена вкупна сума од 383041 денари со вклучен ДДВ, од кои 231972 денари од дулие, 102509 денари од редовни продавачи со договори и 48560 денари од резервации. Додека пак расходи со вкупна вредност од 1300643 денари.

Анализирајќи ја финансиската состојба на градскиот пазар во 2023 година стои констатцијата дека во однос на минатата година бележиме пад на наплата на дулие што се должи на намалениот број на продавачи и раст на приходи од резервации што е резултат на редовните контроли од страна на раководителот.

Изработил: Јоновска Христина

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

ЈКП "Пролетер" – Ресен
в.д. Директор

Марчел Косентино Русу

**21.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Извештај за работата на канализационата мрежа во 2023 година

Се објавува Заклучокот по Извештај за работата на канализационата мрежа во 2023 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/21 | Градоначалник
14.03.2024 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, откако го разгледа Извештај за работењето на канализационата мрежа во 2023 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Извештај за работењето на канализационата мрежа во 2023 година, заведен под арх.бр.01-124 од 06.02.2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/24 | Претседател
13.03.2024 година | Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН**

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 05.03.2024
Организациона единица: 08 | 635/4

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-124
04.03.2024 год.

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА ВО 2023 ГОДИНА



Јануари 2024

Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР
Ресен

Јавното Комунално Претпријатие Пролетер - Ресен врши одржување на фекалната и атмосферската канализација на територијата на Општина Ресен. Вкупната должина на канализационата мрежа изнесува 44 км и тоа 37 км се фекална и 7 км атмосферска канализација.

Оваа дејност претпријатието ја врши преку посебно Одделение за канализација и пречистување на отпадни води.

Атмосферската канализациона мрежа ги собира атмосферските води од врнежи и ги спроведува во Голема Река.

Фекалната канализациона мрежа ги одведува фекалните отпадни води од градот Ресен и селата Јанковец, Царев Двор, Езерени, Горна Бела Црква и Долна Бела Црква. Одведувањето на фекалните води во поголемиот дел се врши гравитационо со исклучок на селата Долна Бела Црква, Езерени и дел од селото Царев Двор каде одведувањето на фекалните отпадни води се врши со препумпување преку четири препумпни станици од кои две се наоѓаат во Царев Двор, една во Езерени и една во Долна Бела Црква.

Фекалните води понатаму се одведуваат на пречистување во Пречистителната Станица Езерени.

Во одржувањето на атмосферската и фекалната канализациона мрежа во текот на 2022 година беше вклучен еден вработен но по потреба беа вклучувани и други вработени од другите одделенија на претпријатието. За санирање на проблеми во функционирањето на канализационата мрежа како основно работно средство се користеше специјално возило за отпушување на канализација (Канал-џет). За управување на специјалното возило беа ангажирани возачи од другите единици на претпријатието што повеќе пати доведуваше до тоа да се интервенира со мало закаснување.

Исто како и минатата година поради застареност на возилото тоа често пати во текот на 2023 беше надвор од функција што во повеќе наврати претставуваше проблем за навремено интервенирање таму каде што постоеше потреба. При подолготрајни застои беа ангажирани надворешни лица кои располагаат со потребната опрема за отпушување на канализација со што се создадоа дополнителни трошоци.

И покрај проблемите со кои се соочуваше одделението во одржувањето на канализацијата сепак во 2023 година успеа успешно да ги заврши своите задачи. При тоа се извршени следните интервенции:

Во текот 2023 беше интервенирано вкупно 101 пати за отпушување на затната канализација. Исто како и во претходните години најголем број од запушувањата на канализација беа настанати као резултат на несовесното однесување на граѓаните кои во канализациониот систем исфрлаат разновиден отпад кој не треба да се исфрла во канализацијата.

Исто така во текот на 2023 година се изработени и направени и потоа поставени 2 капаци на шахти во улиците Мите Трповски и Мите Богоевски.

Извршени се и две поголеми интервенции на раскопување на канализациони линии и замена на оштетени цевки со нови во селото Јанковец и на улица Ленинова.

Во 2023 година се извршени и одреден број на интервенции врз препумпните станици со цел да се отстранат проблеми во работата и истите да се врата во функција. Извршени се вкупно 11 интервенции на чистење и поправка на пумпите од пумпните станици. Интервенциите на препумпните станици се состоеја од чистење и сервис на пумпите. Со оглед на тоа дека сервисот на пумпите се вршеше од страна на надворешни лица тоа резултираше со дополнителни трошоци за претпријатието.

Главна причина за проблемите во работата на препумпните станици исто као и претходните години несовесноста на граѓаните кои фрлаат разни материи во канализацијата како текстил, гуми, најлони кои доведуваат до затнување на пумпите и потребата од чести интервенции за нивно чистење и сервис.

Од погоре изнесеното може да се заклучи дека во текот на 2023 година одделенито канализација и покрај проблемите успешно ја заврши својата задача. Мора да се спомене дека и понатаму остануваат проблемите со недоволен број на работници во одделнието, посебно возачи за специјалното возило, како и проблемот со застареноста и честите дефекти на истото.

Исто така треба да се спомене дека и понатаму останува проблемот на прелевање на атмосферската канализација во фекалната и обратно што доведува до низа проблеми како талоѓење на песок и затнување на мрежата као и можноста за излевање на фекалната канализација при силни врнежи.

Изработил: Волкановски Ѓорги

ЈКП "Пролетер" – Ресен
в.д. Директор

Спец. за Екон. Марчел Косентино Русу

**22.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен" бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за вклучување во системот за управување со отпад
на подрачјето на Општина Ресен

Се објавува Одлука за вклучување во системот за управување со отпад на подрачјето на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/22
14.03.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен ("Службен гласник на Општина Ресен„ број 7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) а во врска со член 61 од Законот за управување со отпадот ("Службен весник на Република Македонија„ број 216/2021), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за вклучување во системот за управување со отпад
на подрачјето на Општина Ресен

Член 1

Со оваа Одлука во системот за управување со отпад од домаќинствата (собирање, транспортирање и депонирање) се вклучуваат следните рурални средини:

1- Лавци,
2- Евла,
3- Претор,
4- Кривени,
5- Лева Река,
6- Златари,
7- Горно Дупени и
8- Крушје

Член 2

За давател на услугите од член 1 на оваа Одлука се определува Јавното комунално претпријатие “Пролетер„ – Ресен.

Член 3

Динамиката на собирање, транспортирање и депонирање на отпадот од домаќинствата од руралните средини од член 1 на оваа Одлука е еднаш неделно.

Член 4

За извршената услуга, од секое домаќинство, ќе се наплаќа надоместок во износ од 220,00 денари месечно на име паушал.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Ресен„.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/25 | Претседател
13.03.2024 година | Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**23.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен” бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 година

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Бр.09-686/23 | Градоначалник
14.03.2024 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на чл.40 ст. 1 од Законот за урбанистичкото планирање ( ,,Сл.Весник на РСМ“ бр.32/20), чл. 23, ст. (1), т. 7 од Статутот на Општина Ресен (,,Сл. Гласник на Општина Ресен‘‘ бр.07/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на општина Ресен на седница одржана на ден 13.03.2024 год. донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**Ф - 10 Урбано планирање**
**Ф10 – Урбанистичко планирање**
**Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 година**

**Член 1**

Со Оваа Програма се дополнува Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 год. под бр. 08-2583/27 од 14.12.2023 година, ( “Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 19/2023 и 1/2024), во делот III. Урбанистички Планови и Урбанистички проекти кои ќе се финансирани од физички лица и правни лица, се врши измена :

**37 . ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРАБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**

**спроведување на инфраструктурен вод 10(20)Kv – среднонапонски кабел до постојна трафостаница во Општина Ресен на делови од**

КП 649, 684, 848, 483, 484/1, 847, 838 КО Јанковец

КП 1355, 1356, 1597, 1617, 1366, 1387, 1363, 1362, 1387, 1390, 1391/20, 1377, 1365, 1391/20 КО Златари,

делови од КП 2707/1, 1957/1, 1911, 4661, 4662, 2289, 4665, 2692,4666/1, 2326, 2641, 4663/1, 4663/2, 4663/3 и 4663/4 КО Ресен вон град

и делови од КП 6383/1, 6397/1, 6382/1, 4481/1, 4483/1, 6358/1, 6366/1, 2618 и 2613 КО Ресен, Општина Ресен

**38. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРАБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**

**спроведување на инфраструктурен вод 10(20)Kv – средноnапонски кабел до постојна трафостаница во Општина Ресен на делови од**

КП 6185,6192/3 КО Ресен ,КП 2707/1, 2692 и 4666/1 КО Ресен вон град ,Општина Ресен

**Член 2**

Во Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 год. под бр. 08-2583/27 од 14.12.2023 година, ( “Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 19/2023 и 1/2024), во делот I. Урбанистички Планови и Урбанистички проекти кои ќе се финансирани од општина Ресен, се додава нова точка:

**8. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕНА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА дел од К.П.бр.4665 дел од**

**К.П.бр.2290 К.П.бр.2292, К.П.бр.2298, К.П.бр.2299, К.П.бр.2300, К.П.бр.2301, К.П.бр.2302, К.П.бр.2305 и К.П.бр.2320, К.О.РЕСЕН-ВОН ГРАД, м.в. „Корунова Ливада“, ОПШТИНА РЕСЕН.**

**Граници на проектниот опфат:**

Проектниот опфат се наоѓа во К.О.Ресен вон град, односно 2.3 км воздушно од центарот на Ресен. Наведените катастарски парцели, односно проектниот опфаат на

- на североисток се граничи со катастарска парецела КП.бр.4662, К.О.Ресен вон град која во Агенцијата за катастар на недвижности е регистрирана како зпо земјиште под објект - ПАТ. К.О.Ресен вон град.

- на југ се граничи со катастарска парецела КП.бр.2321, КП.бр.2322, КП.бр.2319, КП.бр.2313 и КП.бр.2303, К.О.Ресен вон град.

- на запад се граничи со катастарска парецела КП.бр.2304, КП.бр.2289, КП.бр.2297, КП.бр.2294 и КП.бр.2293К.О.Ресен вон град.

Површината на вака оформениот проектен опфат изнесува 103920м$^2$ или приближно околу 10.00 ха

**Член 3**

Во Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 год. под бр. 08-2583/27 од 14.12.2023 година, ( “Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 19/2023 и 1/2024), во делот III. Урбанистички Планови и Урбанистички проекти кои ќе се финансирани од физички лица и правни лица, се додава нова точка:

**54. Урбанистички проект вон опфат на урбснистички план за Новопласиран СН10(20)kV кабелски подземен вод со новопланирани столбови на дел од КП 1617 во КО Златари , Општина Ресен.**

**Граници на проектниот опфат:**

Проектниот опфат ја опфаќа парцелата на дел од КП 1617 КО Златари Општина Ресен , должина на вака оформениот проектен опфат на подземниот вод изнесува 550.7 м. Вкупната површина на на вака формираниот опфат изнесува 557.87м2.

Проектниот опфат се наоѓа на на дел од К.П. 1617 , К.О. Златари која во Агенцијата за катастар на недвижности е регистрирана како земјиште под инфраструктурен објект .

Програмата влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-642/26 — Претседател
13.03.2024 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**СОДРЖИНА:**

1. Годишна (завршна) сметка на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година………………………………………………………………………...стр.2
2. Заклучок по Годишен извештај по годишна сметка на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година……………………………………………………стр.53
3. Одлука за отпис на основни средства……………………………...стр.74
4. Одлука за отпис на ненаплатени и застарени побарувања……………стр.76
5. Заклучок по Програмски и Финансиски извештај на Општинска Установа Дом на култура ,,Драги Тозија'' – Ресен за 2023 година........................стр.78
6. Заклучок по Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на ЈОУДГ ,,11 Септември'' – Ресен.........................................................стр.113
7. Заклучок по Финансиски извештај по завршна сметка за 2023 година на СОУ ,,Цар Самоил'' – Ресен………………………………………………..стр.120
8. Заклучок по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен…………………………………………………………...стр.127
9. Заклучок по Финансиски извештај за 2023 година на ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен……………………………………………………………………стр.131
10. Заклучок по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Славејко Арсов'' – Подмочани………………………………………………………...стр.135
11. Заклучок по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Царев Двор……………………………………………стр.138
12. Заклучок по Финансиски извештај за 2023 година на ООУ ,,Димитар Влахов'' – с.Љубојно……………………………………………………стр.141
13. Заклучок по Програми за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор……………………………………………..стр.144
14. Заклучок по Програми за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2023/2024 година во ООУ ,,Димитар Влахов – с.Љубојно..........................................................................стр.159

15. Заклучок по Извештај по Годишна сметка на ЈКП ,,Пролетер'' Ресен за 2023 година...............................................................................................стр.172

16. Заклучок по Извештај за работењето на одделението Јавно прометни површини за 2023 година..........................................................................стр.189

17. Заклучок по Извештај за работата на градските гробишта во Ресен во 2023 година……………………………………………………………………стр.205

18. Заклучок по Извештај за работата на системот за пречистување на отпадни води во 2023 година……………………………………………стр.210

19. Заклучок по Извештај за реализација на Програмата за одржувње на комунална хигиена за 2023 година…………………………………...стр.214

20. Заклучок по Извештај за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2023 година………………………………………………………………………...стр.219

21. Заклучок по Извештај за работата на канализационата мрежа во 2023 година………………………………………………………………………...стр.222

22. Одлука за вклучување во системот за управување со отпад на подрачјето на Општина Ресен…………………………………………………………стр.226

23. Програма за измена и дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 година.........................................стр.228



**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**